# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 2001 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Јордан Бошков, Чедомир Краљевски, Ѓулистана Марковска и Митко Киров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница.

Предлогот Ви е поделен.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и недоложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за надворешни работи господинот Срѓан Ќерим.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Господине претседателе, господине премиер, почитувани дами господа пратеници, имам особена чест и задоволство за прв пат да ви се обратам како министер за надворешни работи. Повод за мојот денешен настап е Законот за ратификација ан Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница. Овој Договор е резултат на долготраен процес на преговори и го одразува принципиелниот напор на Република Македонија целосно да ги уреди односите со нејзините соседи. Едновремено, овој чин претставува силен израз на заемната определба на двете држави да го дадат својот придонес за унапредување на добрососедските односи, безбедноста, стабилноста и соработката во регионот.

Дозволете ми во оваа прилика да потсетам на неколку факти што ќе го покажат вистинското значење на Договорот врз развојот на односите со СР Југославија односно неговите ефекти врз меѓународната положба на Република Македонија.

Со распаѓањето на поранешна Југославија, на балканските простори се отворија повеќе процеси, меѓу кои за жал, најкарактеристични беа вооружените конфликти во кои освен Република Македонија, беа инволвирани сите други поранешни југословенски републики.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент. Вие треба да кажете зошто е потребно по итна постапка сега да се донесе Законот и ништо повеќе. А уводното излагање ќе го дадете кога ќе биде на дневен ред законот. Потоа ние ќе го утврдиме дневниот ред. И сега треба да кажете зошто Владата оценува дека треба по итна постапка да се донесе законот. Само неколку реченици, бидејќи состојбите се такви што потребно е денес да се донесе овој закон

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Инаку, излагањето ја имаше таа цел не само да ја образложи опортуноста на донесување на овој закон, односно ратификацијата по скратена постапка, туку и да ги објасни токму тие меѓународно политички ефекти за нашата држава врз база на оваа ратификација. Но сепак, се разбира почитувајќи ја процедурата ќе го дадам тоа образложение за да може дневниот ред да тече онака како што претседателот рече.

Со оглед на тоа што утврдувањето на државната граница меѓу Република Македонија и Југославија е од исклучително значење за одржување на мирот и безбедноста во регионот, а како што е

оценето и од меѓународната заедница го изразува придонесот на Република Македонија во зачувување на стабилноста на регионот и решавањето на проблемите во него по мирен пат се предлага Предлог на законот да се претресе на истата седница на која ќе се претресува и Предлогот за донесување на законот согласно член 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. И од тие моменти практично произлегува потребата за скратена постапка, според мислење на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ислушавме образложението.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Процедурална интервенција од господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, премиере, министри, дами и господа пратеници, јас излегов тука да направам процедурална интервенција по основа на итноста како прво на предложениот закон за ратификација на Договорот. И како второ, исто така да предложам друго решение за оваа точка. Имено и од почетокот и начинот на кој се почна образлагањето на самата точка, се виде и од министерот дека во основа не стои дека оваа точка и таквите ратификации дека треба да се направат по итна постапка. Затоа што и не е практика во досегашната работа на Парламентот, а и не содржи некој елемент кој што би образложил една таква итност и во оваа проблематика. Затоа, во името на пратеничката група на ПДП ако е деловнички можно тука така да се интервенира, јас би предложил оваа точка да се одложи од денешната седница, значи да се одложи ратификацијата на Договорот поради две причини.

Првата, поради тоа што ние цениме дека моменталната состојба на северната граница е загрижувачка и нестабилна. Па една таква ратификација можно е да придонесе кон несакан правец во овој поглед, односно може да му долее бензин на веќе постојниот оган таму.

Второ, таквото одложување би придонело да се создадат услови за консензуален пристап на сите фактори во регионот кое што не би било паметно и далековидно да не се земаат во предвид. Мислиме дека таквиот пристап би дал позадоволителен и по содржина би било гарант за долгорочна стабилност во регионот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја имаме оваа процедурална забелешка. Но, вие знаете кој е деловничкиот пат. Ние мораме да го дадеме предлогот на Владата за изјаснување, а кога ќе го утврдуваме дневниот ред, тогаш може да се земе збор за да се дадат некои други предлози.

Според тоа, предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 70 пратеници гласале за, никој не гласал воздржано, 7 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 71 пратеник гласале за, 1 пратеник гласал воздржано и 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот - ДНЕВЕН РЕД:

- Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница.

Сега имаме деловничка интервенција.

Меѓутоа, по ова прашање се изјасни Собранието.

Нека повели господинот Положани да ги изнесе сега своите забелешки.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас ќе се обидам уште еднаш да укажам на некои аргументи кои што би биле во полза на тоа што ние го предлагаме. Имено, како прво, мислиме дека моменталната состојба во северниот дел на границата помеѓу Македонија и Косово е таква, значи е загрижувачка, таа е нестабилна со тенденција на уште нејасни дејанија кои можно е да бидат во натамошниот тек предизвикувани и по наша оценка, според тоа предизвикувани и од таквата ратификација на еден договор. Ние мислиме дека заради можното такво влијание во тие околности, во тој регион, на таквата ратификација би било целисходно и мислиме дека би било продуктивно оваа седница да се одложи и заради тоа, затоа

што сметаме дека една таква ратификација би придонело кон долевање на бензин на тој оган таму.

И од друга страна мислиме дека според наше мислење, а и нoтoрен факт е дека кога се потпишуваа такви договори и се ратификуваат такви договори, мислам дека треба да се земаат во предвид сите релевантни фактори кои што во регионот значат по судбината на таквиот договор. Според тоа, со одлагањето на овој договор ние мислиме дека би се создале услови за благовремено да се консултираат и да се направат дополнителни активности кои би биле во правец на една подолгорочна и подалекусежна стабилност во самиот регион. Мислиме дека при донесувањето на одлуката, всушност при потпишувањето на самиот договор овие фактори се занемарени заради што мислиме дека целисходноста и примената на самиот договор и самата ратификација не би била комплетна ако тука не се вклучени сите фактори кои што се очигледно релевантни за стабилноста на регионот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова го сфаќаме како деловничка забелешка. Јас не можам да ја прифатам бидејќи Собранието инаку се изјасни и постапивме во склад со деловникот во досегашното изјаснување. Меѓутоа, со оглед на тоа што господинот Положани ја повторува забелешката јас ја ставам на гласање Собранието да одлучи.

Ве молам да гласаме за тоа дали точката да се симне од дневен ред и да се одложи расправата. Молам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, 9 пратеници гласале за, никој не гласал воздржано, 73 пратеници гласале против.

Констатирам дека овој предлог на господинот Азис Положани не е усвоен.

За седницата го предлагам следниот – ДНЕВЕН РЕД:

- Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, 76 пратеници гласале за, никој не гласал воздржано, 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката од дневниот ред.

- Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница.

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за политички систем ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, министерот за внатрешни работи господинот Срѓан Ќерим да земе збор.

Има збор Срѓан Ќерим.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Господине претседателе, најпрвин би сакал да се извинам за овој процедурален пропуст што беше направен во првиот мој настап, меѓутоа, мислам дека можам сега да ги повторам почетните констатации во моето излагање за тоа што целосно соодветствуваат со она што и вие го констатиравте овде во составот на Собранието.

Повод за мојот денешен настап е Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и СР Југославија за протегање и опис на државната граница. Овој договор е резултат на долготраен процес на преговори и го одразува принципиелниот напор на Република Македонија целосно да ги уреди односите со нејзините соседи. Едновремено, овој чин претставува силен израз на заемната определба на двете држави да го дадат својот придонес за унапредувањето на добрососедските односи, безбедноста, стабилноста и соработката во регионот.

Дозволете ми во оваа прилика да потсетам на неколку факти што ќе го покажат вистинското значење на Договорот врз развојот на односите со СР Југославија, односно неговите ефекти врз меѓународната положба на Република Македонија.

Со распаѓањето на поранешна Југославија, на балканските простори се отворија повеќе процеси, меѓу кои, за жал, најкарактеристични беа вооружените конфликти во кои, освен Република Македонија, беа инволвирани сите други поранешни југословенски републики.

Како резултат на тие конфликти и судири и на постоењето на некои други отворени прашања, долго време не беше утврдена ниту една граница помеѓу поранешните југословенски републики како државна граница со сите потребни прерогативи. Договорот што го потпишавме со СР Југославија практично е еден од

првите договори за регулирање на државната граница помеѓу две земји - сукцесори на СФРЈ.

Почитувани пратеници, дозволете ми да ве потсетам на процесот со кој се дојде до овој Договор. Согласно обврската содржана во член 2, став 2 од Спогодбата за регулирање на односите и унапредување на соработката меѓу Република Македонија и СР Југославија од 8 април 1996 година, заедничката дипломатско - експертска комисија одржа вкупно 14 седници. Во овој четирииполгодишен период преговорите се одвиваа со променлива динамика и резултати. Првите три седници беа посветени на дефинирањето на формално - процедуралните аспекти на функционирањето на Комисијата и размената на предлозите за протегањето на границата од двете страни. На наредните 8 седници е работено на усогласување на протегањето на граничната линија при што е усогласена во должина од околу 10 км. Работата на Комисијата е динамизирана по демократските промени во СРЈ во септември минатата година, а особено по официјалната посета на Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски на СР Југославија, на 29 декември минатата година.

Во овој период Заедничката дипломатско - експертска комисија одржа дополнителни три седници на кои беше усогласен преостанатиот дел од границата меѓу двете земји.

Ова беше резултат на јасно демонстрираната определба и политичка волја од двете страни да се дојде до заемно прифатливо решение за протегањето на државната граница. Притоа беше изразена и заложбата линијата на државното разграничување подоцна да биде и линија на доверба меѓу двете земји која ќе овозможи слободна циркулација на граѓаните во двата правца.

Извршено е целосно усогласување на описот на протегањето на граничната линија по целата должина на државната граница од македонско –југословенско - албанската тромеѓа до македонско – југословенско - бугарската тромеѓа, во вкупната должина од 275 километри, мерено според описот.

Усогласувањето во најголем дел е сторено врз основа на постојната документација за протегање на катастарската, односно административната граница. Во помал дел поради заложбата државната граница да се протега по природни објекти, имајќи ги притоа во предвид безбедносните аспекти и потребата од запазување на принципот на еквивалентност, извршени се одредени помали отстапувања од описот во горепоменатата документација. Притоа двете страни настојуваа да имаат крајно внимателен и избалансиран пристап, почитувајќи ја, колку што беше можно повеќе и документацијата за имотната сопственост на граѓаните на двете земји.

Македонската страна за целото време додека траеја преговорите се залагаше за почитување на реалностите на теренот и презентираната документација од двете страни, што при финализирањето на преговорите се покажа како исправен приод.

По завршувањето на преговорите на својата 14-та седница, Заедничката дипломатско - експертска комисија подготви предлог - текст на Договор меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница. Во Договорот се содржани:

- целите и принципите на кои се заснова Договорот;
- начинот на обележување на граничната линија;
- обврската за формирање на Заедничка комисија за демаркација и обележување и основните принципи за нејзиното работење;
- начинот на регулирање на односите во врска со одржувањето, обновувањето и обележувањето на граничната линија и граничните белези;
- обврската на двете страни за заштита на животната средина и природата во граничното подрачје;
- начинот на решавање на евентуалните спорови; и
- начинот и роковите за стапување на Договорот во сила.

Манастирот "Св. Прохор Пчински" беше третиран од наша страна како прашање од посебен интерес поради тоа што претставува културно - историски споменик од посебно значење за поновата македонска историја, за националните чувства и за битието на македонскиот народ. Притоа, се поаѓаше и од фактот што во него е одржано Првото заседание на АСНОМ, кога се донесени историските решенија и Декларацијата за правата и слободите на граѓаните. Овие одлуки се од особена важност за државноста на Република Македонија, поради што, подоцна, во манастирот беше сместен

Меморијалниот музеј на АСНОМ. Имајќи го предвид наведеното, двете страни се обврзаа да склучат посебен меѓудржавен договор во кој ќе бидат утврдени модалитетите на обновување на Меморијалниот музеј, неговото одржување и непречен пристап на граѓаните на двете земји. Истото, реципрочно се однесува на спомен - обележјата од важност за СР Југославија, кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија.

Со оглед на значењето на прашањето за имотната сопственост на граѓаните во пограничното подрачје, со овој Договор предвидено е двете страни дополнително да ги регулираат односите во врска со непреченото користење на недвижниот имот на носителите на стварни права врз недвижности кои остануваат од другата страна на граничната линија. Воедно, во Договорот дадена е можност Комисијата во чија надлежност ќе биде демаркацијата и обележувањето, при извршувањето на работата на терен, поаѓајќи од месните, географските, орографските и економските услови да може со заемна согласност, да направи нужни и избалансирани корекции кои отстапуваат од текстуалниот опис на државната граница во длабочина од 150 метри.

Составен дел на Договорот се текстуалниот опис на државната граница и топографската карта во размер 1: 25.000 на која е вцртана државната граница меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија.

Во Скопје, на 22 февруари, го парафиравме Договорот со сојузниот министер за надворешни работи, г-динот Горан Свилановиќ, што потоа, на 23 февруари беше потпишан од Претседателот на Република Македонија, г-динот Борис Трајковски и Претседателот на СР Југославија, г-динот Војислав Коштуница на Самитот на Процесот за соработка во Југоисточна Европа.

Господине претседателе, господине премиер, почитувани пратеници, Прифаќајќи ја заедничката определба и приврзаност кон принципите на неповредливост на меѓународните граници со Договорот се затвора последното преостанато прашање во односите меѓу Република Македонија и Социјалистичка Република Југославија и се создаваат услови за унапредување на севкупните билатерални односи и соработка со овој наш сосед.

Несомнено, овој чин претставува значајна придобивка за Република Македонија со мошне поволни ефекти за нејзината позиција особено на регионален план. Договорот значи придонес кон регионалната соработка и ја реафирмира Република Македонија како активен фактор и креатор на мирот, безбедноста и стабилноста во Југоисточна Европа.

Со определбите содржани во Одлуката на Собранието на Република Македонија за стапување во членство во Северноатлантската договорна организација — НАТО (од 23 декември 1993 година), како и во Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со ЕУ од февруари 1998 година и Декларацијата за подигнување на нивото на односите со ЕУ од ноември 2000 година, јасно е искажана нашата волја за исполнување на сите неопходни критериуми за влез во европските односно евроатлантските структури. Разрешувањето на ова отворено прашање со нашиот сосед е вистинска референца за постигнување токму на овие основни цели на Република Македонија.

Понатаму, потпишувањето на Спогодбата за утврдување на границата помеѓу двете земји, претставува и своевидно промовирање и остварување на целите и принципите на Повелбата на Обединетите Нации, кои произлегуваат за Република Македонија како земја - членка на Обединетите нации.

Имајќи ги предвид одредбите на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН, со кои сите земји од регионот се должни да соработуваат за целосна имплементација на сите аспекти на резолуцијата, меѓу другото и за реафирмацијата на заложбата на сите земји - членки на ОН кон суверенитетот и територијалниот интегритет на СР Југославија и на другите земји од регионот, согласно Хелсиншкиот Завршен Документ, Република Македонија со потпишувањето на оваа спогодба даде и конкретен придонес кон унапредувањето на мирот и стабилноста во Југоисточна Европа.

Цврстата определба на Република Македонија за унапредување на добрососедските односи, безбедноста и стабилноста во регионот како и заложбата за решавање на сите прашања преку интензивирање на соработката, кои воедно се и основните постулати на надворешната политика на нашата земја, беше поддржана и од страна на туку што одржаниот Самит на шефовите на држави и влади на Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Имено, во Самитската декларација со задоволство е поздравено утврдувањето на границата меѓу

Република Македонија и Социјалистичка Република Југославија од страна на сите земји учесници на овој Самит.

Во меѓународната заедница долго се очекуваше овој чин, особено Европската унија силно го поздрави неговото потпишување. Во Декларацијата на Шведското претседателствово беше истакнато дека со овој чин, двете соседни земји дадоа конкретен пример на добрососедски односи и регионална соработка, зајакнувајќи го мирот и безбедноста во Југоисточна Европа. На неодамнешната средба на Претседателот Трајковски и Премиерот Георгиевски, со Високиот претставник на Европската унија, Солана и со Комесарот за надворешни односи на Унијата, Патен, беше поздравено потпишувањето на Договорот и најавено дека Европската Унија ќе направи се што е во нивна можност да помогне во следната фаза на демаркацијата и одбележувањето на граничната линија.

Република Македонија и на овој начин се потврди како стабилизирачки фактор во Југоисточна Европа со својот конструктивен однос во решавањето на проблемите и во подобрувањето на односите со нејзините соседи, за што има целосна и отворена поддршка од меѓународната заедница. Токму затоа и овие денови, Европската унија и НАТО се обврзаа да ја поддржат стабилноста на Република Македонија, вклучувајќи ја засилената безбедност на нејзините граници.

Обидот да се создаваат тензии на границата, имајќи ги предвид состојбите во и околу Танушевци, нема да не поколебаат во зачувувањето на територијалниот интегритет и суверенитетот на нашата земја. Противниците на овој Договор нема да успеат во обидите да го попречат неговото спроведување. На овој дел на Европа не му се потребни прекројувања на границите врз етнички основи, туку соработка, стабилност, безбедност и развој, што подразбира токму регулирање на државните граници и нивна отвореност за слободен проток на луѓе, идеи, стоки и капитал.

Интензивната комуникација што деновиве ја одржуваме со Европска Унија и НАТО, резултираше со јасни ставови од нивна страна во прилог на политиката и мерките што ги презема македонската Влада во справувањето со зголемениот број инциденти во пограничниот појас меѓу Социјалистичка Република Југославија, на делот со Косово и Република Македонија. НАТО, со изјава на Генералниот секретар, се обврза да ја поддржува стабилноста и безбедноста на Република Македонија, вклучувајќи го и засиленото обезбедување на границата што е предмет на овој Договор.

Во тој контекст ја нагласувам и вчерашната Декларација на Претседателството на Европската унија кое, изразувајќи ја својата силна загриженост за неодамнешната ескалација на насилство на овој дел на границата, ја повторува својата силна приврзаност кон принципот на неповредливост на границите, вклучувајќи го територијалниот интегритет на Република Македонија. Понатаму, истата декларација содржи дека "мирна и стабилна Република Македонија во меѓународно признаените граници е важен услов за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, преку скорешното потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација".

Вчера, исто така, Генералниот секретар на Обединетите нации ја нагласи поддршката на меѓународната заедница за стабилноста и безбедноста на Република Македонија, вклучувајќи го засиленото обезбедување на нејзините граници. Специјалниот координатор на Пактот за стабилност одлучно ја поддржа македонската Влада во нејзиното настојување да го заштити територијалниот интегритет на земјата, но исто така и меѓуетничките односи од било какви провокации и обиди за нивно нарушување.

Мерките што ги презема македонската Влада се резултат на цврста определба на оваа коалиција да продолжи со евроатлантскиот курс на нашата надворешна политика, чиј составен дел е и тесната соработка на надлежните претставници на меѓународната заедница, а пред се со Европската унија и НАТО. Во таа смисла ги повикувам од ова место УНМИК и косовските лидери одлучно да се спротивстават на неодговорното и провокативно однесување на одредени екстремистички групи кои создаваат тензија на нашата граница.

Почитувани пратеници, заради горенаведените актуелни моменти и со цел Договорот меѓу Република Македонија и СР Југославија за протегање и опис на државната граница да стане дел од нашиот правниот систем, во име на Владата на Република Македонија ве повикувам да го дадете својот глас за Предлогот за донесување на закон со Предлог - Закон, со кој по итна постапка ќе биде извршена ратификацијата на овој значаен меѓународен акт кој не е ништо друго освен

придонес на мирот и стабилноста во овој регион и за нашата земја. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер на Владата на Република Македонија, дами и господо пратеници, во име на Пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска опција, сакам да го кажам нашиот став како ќе гласа нашата Пратеничка група.

Секогаш кога се во интерес државните интереси и интересите на граѓаните на Република Македонија, нашата пратеничка група ќе дава свој придонес за усвојување на тие проекти или ратификување на такви договори.

Цениме, во овој случај дека после 10-годишно недефинирање на границите на СР Југославија и Република Македонија, еве оваа Влада направи еден исчекор ова горливо прашање да се разреши. Ние, како опозиција ќе бидеме конструктивни и ќе го поддржиме овој Договор што оваа Влада успеа да го разреши.

Нашата пратеничка група ќе се изјасни за поддршка на овој Договор и ратификување на истиот во македонскиот Парламент. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседател, колеги пратеници, членови на Владата, зборувам во името на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз, меѓутоа, не го одземам правото на поодделни пратеници да се изјаснат за тоа од Пратеничката група.

По распаѓањето на поранешната СФРЈ, Република Македонија и Сојузна Република Југославија, како две од повеќето држави сукцесори на таа држава, во 1996 година потпишаа спогодба за меѓусебна соработка, што меѓу другото беше и спогодба за меѓусебно признавање. СДСМ во тоа активно учествуваше и ја ратификувавме таа Спогодба во ова Собрание.

Врз основа на таа Спогодба, двете држави формираа заедничка комисија за одбележување, маркирање и како се стои во таа Комисија, надлежност, на границата која веќе 5 години работи за жал, мора да констатираме дека до конечен резултат од работата на Комисијата мораше да дојде дури по смената на властите во Белград. Ние, тоа го поздравуваме.

Исто така, сакаме да потсетиме дека потпишувањето на Спогодбата од 1996 година е многу значајна за нас и за Република Македонија, од причина што таа Спогодба е спогодба со сосед кој е единствен кој ги признава во Спогодбата што е ратификувана и тука и во Белград и македонскиот народ и името Република Македонија и македонскиот јазик и континуитетот на нашата држава од 1944 година, односно од АСНОМ.

Со ова, пратеничката група на СДСМ, со потпишувањето на оваа Спогодба што денеска е пред ратификација, сака да истакне дека, констатираме дека веќе во односите меѓу двете земји на државно ниво нема големи отворени прашања.

Во таа насока пратеничката група на СДСМ ја поздравува и ќе ја поддржи спогодбата и ќе гласа за ратификација во ова Собрание едногласно и се заложуваме за што побрзо нејзино спроведување од страна на оние органи што во Спогодбата се назначени, тоа е да ја завршат работата во насока во која зборуваше и премиерот.

Поддржувајќи ја Спогодбата и гласајќи за нејзината ратификација, едновремено нашата пратеничка група ги повикува сите пратеници, сите пратенички групи во Собранието на Република Македонија да изградат консензуален став и заеднички, без воздржани и против да ја гласаме Ратификацијата на Спогодбата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најнапред, дозволете ми да го изнесам ставот на пратеничката група по однос на начинот на кој се водеше до сега седницата. Сметам дека претседателот на Собранието направи деловничка повреда кога, откако се изјасни веќе Собранието по тоа што ќе има на дневен ред, го даде предлогот на господинот Положани за измена и дополнување на дневниот ред. Ценам дека тоа прашање требаше веднаш да се стави, откако бараше претседателот на Собранието дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред, а не да не стави пред свршен чин.

Второ, со индигнација отфрлам некои квалификации на министерот за надворешни работи и неговата дискусија во тие димензии ја сметам како една погрешна политичка тирада.

Уште на почеток сакам да го изнесам ставот на Партијата за демократски просперитет дека нема да го поддржи Предлогот на закон за Ратификација на Договорот за одбележување на границата меѓу Македонија Србија и Косово. За нас не е спорна границата и тој дел што се однесува до територијалната целовитост на Република Македонија. Оттука, уште на почеток сакам да го изнесам нашиот став заради политичките партии и јавноста во Република Македонија, но и меѓународниот фактор дека ПДП не се наоѓа во шемите кои се обидуваат некои политички партии да ги конструираат заради нашиот негативен став по однос на овој договор, да извлечат заклучок дека ПДП го оспорува територијалниот интегритет на Република Македонија.

Но, ПДП е против овој договор од следните причини:

Овој Договор се склучува по една, по нас спорна постапка, по нас во неприлагодено време за склучување и со погрешен субјект. ПДП смета дека не е неопходно по скратена постапка, со свикување на вонредна седница да се ратификува договор кој десетина години не можеше да се стави на дневен ред.

И сега преку ноќ, со свикување преку ноќ вонредна седница го ставаме Предлогот на закон за изјаснување. За нас е уште поспорен фактот што сите овие активности се преземаат во време кога сите заеднички заклучивме дека политичко - безбедносната состојба во земјата е нестабилна и со знаци за натамошно влошување. А дека е тоа така потврдуваат и постојаните заседанија на Советот за безбедност на Република Македонија и по малку драматичното обраќање на претседателот на земјата до нацијата во однос на истото прашање. Ако се има предвид дека токму еден дел кој е до граничниот појас на Република Македонија со Косово е кризно жариште и ако ги имаме предвид укажувањата на меѓународниот фактор дека за ова прашање не треба да се употребува никаков вид на сила туку со преговори и со мирни средства треба да се разреши проблемот, тогаш за нас индикативно е ова избрзување на Владата на Република Македонија, по итна постапка да го ратификува договорот. До толку повеќе индикативен е фактот што цело време Република Македонија односно Владата на Република Македонија изнесува спрема тој граничен премин и спрема тоа жариште безбедносни сили од секаков вид. Дали тоа не значи дека овој денешен чин е предворје на едно етничко чистење и масакар врз населението од тој граничен појас.

За нас е исто така спорен фактот што Република Македонија склучува еден договор со субјект кој не е надлежен да преговара за тој дел од границата. Знаете дека согласно Резолуцијата 1244 на Обединетите Нации, на територијата на Косово власт привремена или било како сакате наречете ја, имаат Обединетите Нации. Вие знаете дека на границата меѓу Македонија и Косово не се вее српско знаме, односно не тоа што остана Југославија, дека таму ни де факто ни де јуре Југославија нема власт. Во чие име тогаш Република Македонија преговара со Белград за туѓа територија. Со кој субјект тоа Република Македонија склучува договор за територијалниот интегритет на туѓа територија.

Ние цениме дека ниту беше потребно итно да се свикува оваа седница, ниту требаше прашањето на договорот во делот кој се протега меѓу Македонија и Косово да се водат преговори со Белград. Напротив, според нас, имаше два начина како можеше да дојде до ова решение односно до решавање на овој проблем.

Најнапред, ако веќе не се сакаше да се чека време за да се постигне договорот, тогаш неминовно за тој дел требаше да се вклучи Меѓународната администрација која е инсталирана на Косово, а тоа е Привремениот совет и преку тоа и албанскиот фактор, односно косовскиот фактор кој единствено е надлежен да преговара за тој дел од границата.

Второ, ако се имаше малку слух за состојбите во регионот и тоа што се случува денес на границата, тогаш несомнено дека Република Македонија требаше да чека, кога чекала 10 години, да се реши дефинитивно статусот на Косово и согласно тоа, потоа да се постигне договор и за овој дел на територијата.

За нас се неразбирливи прекуноќните менувања на ставовите на Владата на Република Македонија во однос на ова прашање. Деновиве имавме прилика премиерот да го потсетат во дневните весници што изјавуваше пред една година кога беше во прашање Косово и северната граница на Република Македонија. Тој прв меѓу македонските политичари, што

несомнено ние го поддржувавме, истакна дека реалноста е тоа, дека наш северен сосед меѓу другите е и Косово. Не случајно, премиерот отпатува и во Приштина за да ги отпочне првите контакти со тогашните политички субјекти и другите субјекти на Косово.

Во име на тоа, една албанска политичка партија на сегашниот претседател на државата му обезбеди победа на изборите - не сакам да коментирам каква беше таа победа, но несомнено дека беше инсталиран како претседател на земјата под тезата дека гласањето за господинот Борис Трајковски значи и признавање на Косово од страна на Република Македонија. Како сега одеднаш тој албански фактор воопшто не е вклучен во преговорите за утврдување на таа граница спрема Косово, како тој албански фактор одеднаш не знае што се случува таму, не е вклучен во преговорите во Белград, па дури оди и чекор понатаму да признае дека ова што е постигнато тие и ќе го поддржат. Од друга страна каде се изјавите на претседателот на Владата и ставот на Владата на Република Македонија во однос на тоа што претставува Косово виза ви Македонија. Каде е тој претседател на државата кој со легитимитет на гласовите на албанците беше прогласен за претседател на државата и кој е неговиот став виза ви ова прашање.

Сите овие и многу други прашања бараат одговор за да можеме ние да имаме чиста претстава што денес разговараме, за што одлучуваме и кои би биле политичките импликации виза ви ова прашање. Од тука, не случаен беше нашиот предлог изнесен тука од наш колега пратеник од пратеничката група дека за ова прашање треба да се има поширок консензус не само во Република Македонија, туку и пошироко во регионот. За да се постигне тоа, не треба преку ноќ искривено да се постигне договор меѓу Белград и Скопје, а за туѓа територија, а од утре веќе да имаме несакани ефекти.

Затоа, господа пратеници, пратеничката група на ПДП нема да го поддржи Предлог - законот за ратификација на споменатиот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави претседателот на Владата, господинот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ова мое јавување единствено сакам да го сфатите во функција на една замолница до пратениците и до парламентарните групи, навистина, денешната седница која ни дава прекрасна можност, ретка можност каде што можеме да постигнеме консензус по едно прашање, да не го ставаме повторно во дневно - политичка игра како што успеваме се што ќе се стави во Парламентот да го ставиме во таа дневно - политичка игра.

Од тие причини, првото барање кое сакам да го упатам, иако не сум ги слушнал сите пратенички групи, а дискусијата може слободно да трае, меѓутоа, имам чувство дека овој пат како никогаш во поскоро време пред еден таков момент, каде што навистина можеме да постигнеме консензус за едно прашање, кое сметам дека навистина е во интерес на сите нас и никој ниту губи ниту добива посебно, а можам слободно да кажам дека сите добиваме, затоа што и за граѓаните на Република Македонија решаваме еден проблем, меѓутоа и во очите на Меѓународната заедница решаваме исто така еден проблем.

Затоа, мојата замолница до пратеничката група, веднаш на самиот почеток е до ПДП, навистина после една пауза да направи еден обид за преиспитување на оваа позиција која беше изнесена од следните причини.

Прво, затоа што навистина ве уверувам дека оваа Влада на Република Македонија која е составена од коалициони партнери само продолжува нешто што беше наследено од претходната Влада. Значи, сите имаме и придонес кон овој успех или ќе имавме неуспех ако не се успееше да се дојде до овој чин. Јас ќе потсетам дека преговорите за оваа граница беа започнати од една претходна владина коалиција каде што столбот беше меѓу СДСМ и ПДП и јас не се сеќавам дека ПДП воопшто во тоа време ги оспоруваше преговорите со југословенската страна, туку напротив во сите дискусии тие активно даваа поддршка што поскоро да се расчисти тој договор. Така што одеднаш сега ако се менува ставот, навистина не гледам образложение во ништо друго, освен во обична дневна политика која еве сега има некоја шанса каде што треба сите други да се постават на тапет и да се наоѓаат забелешки за кои нема простор да се најдат забелешки.

Вториот момент во кој апсолутно ве уверувам и кој можете сто пати да го проверувате и да го ставите на било какви меѓународни експертизи е моментот дека оваа Влада буквално се држеше на она што се нарекува статус кво, на она што било во времето на распаѓањето на Југославија, тоа

е тој период од 1990 и 1991 година. Значи, за еден центиметар територија не е поместена границата ниту на територијата што е спрема Србија ниту на територијата што е спрема Косово. Значи, се работи просто, незнам како да ја наречам прецизноста, за милиметарска прецизност на она што било почеток на преговорите во времето на претходната владина коалиција и продолжување на тие преговори во денешно време.

Од тој аспект, мислам дека тешко може да се најде некоја забелешка дека некој се обидел тука некого да го изигра или да му земе некое парче, дури и да замени парче на територија. Иако знаете да речеме дека една од нашите поголеми амбиции беше сепак манастирот "Прохор Пчински" да се најде на наша територија, а за таа подготвеност бевме подготвени да понудиме дури и три пати поголема територија, меѓутоа, сепак на крајот победи принципот еден милиметар промена да нема на ниедно место од граничната линија.

Третиот момент, тоа е меѓународната поддршка. Јас само ќе потсетам дека ретко кој документ или договор на Балканот не само поранешните југословенски држави, туку воопшто меѓу балканските држави, има добиено толку широка меѓународна поддршка како што беше овој документ. Јас ќе кажам дека не само што субјектите кои учествуваа, туку практично и сите балкански земји кои беа присутни на Самитот во Скопје, што е навистина една реткост, другите балкански држави кои обично ја делеле Македонија, правеле планови за поделби и некои други комбинации, овој пат го доживеавме навистина тоа задоволство да ги видиме како сите балкански држави го поздравуваат потпишувањето на овој договор, меѓутоа, сакам да спомнам дека на тоа потпишување беа и меѓународни претставници кои едноставно го имаат максималниот легитимитет и од Европската унија и од сите оние организации кои нам ни се потребни.

Конечно, да се задржам на она што можеби е спорно или можеби претставува сеуште нерасчистена позиција или можеби треба дополнително објаснување, затоа што тоа го видов од излагањето на господинот Насер Зибери. Јас можам да го кажам следново.

Што се однесува до Косово, со ова денешно ратификување воопшто не го решаваме проблемот на Косово и мислам дека тоа е работа која едноставно секој пратеник и секој политичар многу добро и јасно ја знае. Ние решаваме еден проблем кој Македонија го има со соседна Југославија и на тој начин ја заокружуваме државноста, меѓутоа, на некој начин и помагаме сите други прашања понатаму да се расчистат. Јас само ќе спомнам дека во овој момент меѓу ниедна друга поранешна југословенска република, со друга поранешна југословенска република го нема завршено спорот на границите. Ниеден проблем со границите не е затворен, Словенија со Хрватска, Хрватска со Босна и Херцеговина, Хрватска со Црна Гора, Хрватска со Југославија, Босна и Херцеговина со Хрватска, Босна со Југославија, едноставно доаѓаме во една таква предност пред Меѓународната заедница каде што навистина сите заеднички во овој Парламент можеме да демонстрираме еден европски дух на кој можат другите да ни позавидат, каде што ќе кажеме дека еве први во рамките на распаднатата поранешна Југославија регулираме едно прашање и го формализираме до крај.

Односот спрема самото Косово воопшто не е прашање на оваа ратификација. Република Македонија има јасна политика и спрема Југославија, која произлегува од рамките на Резолуцијата 1244 на Обединетите Нации и во рамките на добрососедството. Јас ќе споменам дека Резолуцијата 1244 е прифатена дури и од Албанија, а е прифатена дури од сериозни политички структури на албанските политички партии во рамките на Косово, се до оној момент додека таа не се промени.

Сега се поставува прашањето дали треба да ги набројуваме сите чинови кои Република Македонија ги направи спрема Косово од времето на косовската криза, од времето на прифаќањето на Бегалците, од времето на стационирањето на НАТО силите кои беа логистичка поддршка за што поскоро завршување на режимот кои сите знаеме каков беше на Косово. Дали треба да продолжиме и да го спомнеме фактот дека Македонија и ден денес е главна врата за Косово и од безбедносен аспект и од економски аспект, од социјален, ако сакате дури и од здравствен аспект, затоа што илјадници граѓани на Косово првата своја сериозна здравствена интервенција ја доживуваат на теренот на Република Македонија, па до последниот акт кој оваа Влада го направи пред два дена, во вторник, кога ги признавме патните исправи на УМНИК. Значи, се она што Меѓународната заедница го утврдува како заедничка меѓународна политика и обврска оваа Влада

го почитува и се придржува кон тоа и мислам дека ова прашање воопшто не треба да го водиме во оваа насока, дали оваа ратификација е признавање или непризнавање на Косово или некој став спрема Косово. Нема овде став спрема Косово. Овде има затворање на едно прашање кое едноставно е отворено 10 години. Во моментот кога Меѓународната заедница ќе каже каков е трајниот статус на Косово, дали ќе биде тоа после две или после 10 години, па дури тоа да биде и независно или да биде во рамките на Југославија, ние не знаеме каков ќе биде крајниот став, од кој момент, ние со тој нов состав ако тоа се случи ќе седнеме и ќе ги регулираме тие односи, така што мислам дека тука состојбата е многу чиста и ние не можеме сега едноставно да бидеме повторно ставени во една улога на чекање, кое чекање може да трае 10 години. Нема потреба од тоа. Едноставно тука има меѓународно право кое јасно зборува, ако една држава се распадне, ние едноставно го превземаме континуитетот на законите, на договорите и секогаш останува простор за толеранција во измените. Еве, јас тука уште еднаш одговорно ќе кажам, ако некој утре во една нормална процедура, не зборуваме на некој нешто не му се допаѓа па сега ќе правиме инцидент. Има нормална процедура, тоа не се однесува само на Косово, тоа се однесува утре и на Грција и на Албанија и на Бугарија. Ако некоја земја смета дека нешто може да го трампи во однос на територија, ако смета дека нешто сака да го поправи, има нормална процедура која и според нашиот Устав исто така е ставена како процедура. Се покренува процедура, се почнуваат разговори и се доаѓа до решенијата. Ние како Влада во Република Македонија секогаш ќе бидеме подготвени за една отвореност, да ги регулираме тие односи кои некој смета дека не се до крај прецизирани.

Од тука, посебно ми е мило што сега и во оваа резерва што се изразува во ПДП јас не видов дека овде се оспорува границата како граница. Значи, сепак границата мислам дека се почитува, значи се повикуваат на некои други образложенија кој сметам дека ако навистина малку се најде храброст и ако навистина се има чувство за еден заеднички комплетен консензус, јас ве уверувам дека сите ние од ова ќе добиеме поени. Ќе добиеме поени пред нашите граѓани, ќе добиеме поени и пред Меѓународната заедница, а се она што не ни чини, има нормална процедура која оваа Влада ќе ја прифати во една процедура да разговара. Јас ќе истакнам само еден момент, со кој сите ние треба да се гордееме.

Југословенската страна спореше четири села на потегот Трговиште - Крива Паланка, за кое велеше дека луѓето се изјасниле како срби, ние сакаме тие да бидат на српска територија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Кога направивме анкета во тие села дали луѓето кои таму се декларирале дека се срби сакаат во евентуална замена на територии да бидат дел од н ова Југославија, резултатот беше просто неверојатен за нас. 95% од фамилиите во тие села се изјаснија дека и покрај тоа што се Срби, тие не сакаат да одат во територијалната поделба односно во размена на југословенската страна. Тешко можеме да навлеземе во било каква процедура на размена, ако сите претходни процедури, според Уставот и законите, не се задоволуваат, а тоа се прави по пат на демократија, по пат на преговори, разговори и почитување на процедурата.

Мислам дека навистина ние како Влада пред вас овде во Парламентот можеме да понудиме и да гарантираме дека процедурата до која е дојдено денеска да можеме да го ратификуваме овој закон прво е долгогодишна процедура, второ се долгогодишни разговори, многу прецизно изведени преговори и ни еден експертски тим тешко може да стави забелешка и да каже е, ова е пропуштено, ова недостига во водењето на таа процедура. Ако таа гаранција Владата ја дава, мислам дека досега нема такви принципиелни забелешки, со максимална желба понатаму во иднина да се дорасчистат некои работи, ако некој смета дека се спорни ние навистина сметаме дека денешниот ден и денешната седница навистина е прекрасна можност по долги седници, нешто консенсуално да решиме и сите да бидеме задоволни од тој чин. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе, Социјалистичката партија и јас како нејзин пратеник со посебно задоволство ќе ја поддржиме ратификацијата на оваа Спогодба за границата помеѓу Македонија и Југославија. Ја поддржуваме затоа што тоа е еден подолг проблем помеѓу овие две земји кои, ако не се реши, секогаш може да биде

искра на разни проблеми особено тој проблем го искористат разни конзервативни снаги.

Дотолку повеќе што се определивме како народ и држава, а и како партии да ја следиме политиката на евроатлантските структури и на Европската заедница, а и како членка на Обединетите Нации проблемите помеѓу поедини земји се решаваат по дипломатски пат, политички, цивилизаторски и културно.

Таква определба имаме веќе десет години и ја користам приликата, иако припаѓам на опозицијата и како партија и како пратеник, да изразам големо признание на сите оние луѓе кои подолго време ги водеа преговорите помеѓу Македонија и Југославија, на стрпливоста, упорноста, при што се потроши многу енергија, се вложија многу напори и на крајот затвораме еден проблем кој во историјата на многу земји кога тој проблем не бил решен, се користел за разни манипулации.

Дотолку повеќе што во оваа спогодба се решаваат и некои проблеми од историско значење, како што е Прохорг Пчински и други проблеми кои практично треба да бидат места кои ќе го поттикнуваат развојот на односите помеѓу народите на едната и другата држава.

Според тоа, мислам дека и јас се придружувам и секогаш сум бил за тоа да постигнеме еден поширок консензус по ова прашање затоа што тоа е добро за сите граѓани на Република Македонија, не на поедини луѓе, на поедини народи, туку тоа е во полза на секој човек кој живее во Македонија и на секој човек што му лежи на срце Македонија како заедничка држава за живеење.

Еве, во тој поглед јас ќе гласам за ратификација на оваа Спогодба и ќе ја поддржам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа, почитувани новинари.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во овој миг сака да ја истакне важноста на оваа спогодба што денеска треба да се ратификува во ова македонско собрание, бидејќи ние како политичка партија која постои во повеќепартискиот систем на Република Македонија од 1990 година, и со програмските определби што ги имавме, навистина докрај се завршуваат определбите за самостојна, суверена и независна држава Република Македонија. Тоа значи дека границите на Република Македонија со овој чин со ратификација на оваа спогодба се конечно завршени.

Несакам да споменувам зошто е тоа така, бидејќи со распадот на Југославија еден дел од оваа граница не беше утврден и ние како пратеници и како пратенички групи и како комисии кои присуствувавме на разни собири во други земји во Европа постојано инсистиравме дека едно од клучните нерешени прашања на македонската држава е нерешената граница со СР Југославија и токму заради тоа ни паѓа добро на нас како луѓе, како претставници на овој законодавен дом дека денеска со ратификацијата на оваа спогодба постигнуваме повеќе ефекти.

Прво, што сакам да укажам со ова потпишување на оваа Спогодба и со Ратификацијата во Собранието на Република Македонија ние се стекнуваме со репутација на една земја во југозападен Балкан која го има приматот за добрососедски односи и за меѓусебна соработка која е еден од условите за влез во Европската Унија и за меѓусебна соработка. Тоа значи дека со оваа спогодба ние како Република Македонија и како Влада конечно успеавме да го надминеме овој проблем помеѓу овие две земји и оваа соседна земја СР Југославија, мислиме, сметаме, и сакаме да ги унапредуваме односите во духот на Европската интеграција и соработка.

Во оваа прилика како претставник на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакам да изразам големо задоволство и голема благодарност на сите учесници при донесувањето на оваа спогодба, посебна благодарност на Самитот што се одржа во Република Македонија на лидерите на Југозападен Балкан, посебно на претставникот на Европската Унија Хавиер Солана.

Исто така сакам да укажам посебна благодарност и на претходната влада за особените грижи што ги направи и покренувањето на иницијативата за разрешување на овој горлив проблем на Република Македонија и на крајот сакам да укажам дека конечно целосно Република Македонија со ратификација на оваа спогодба ја има и третата компонента како држава, тоа е утврдување на границата

покрај својата власт и покрај својот народ и граѓаните на Република Македонија.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, во име на заложбите што ги правиме од 1990 година, искрено се заблагодарувам и ние навистина консензуално ќе гласаме за оваа спогодба и оваа ратификација на Спогодбата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, господа министри, почитувани колеги пратеници. Во името на пратеничката група на Демократска Алтернатива ќе кажам дека Предлог-законот за ратификација на договорот помеѓу РМ и СР Југославија за протегање и опис на државната граница, ДА ќе ја поддржи со оглед дека овој проблем трае подолго време, десетина години, одржани се многу меѓусебни средби, многу договарања и конечно се дојде до дефинитивно и конкретно решение за утврдување на границата помеѓу РМ и СРЈ.

Со оглед дека утврдувањето на државната граница меѓу РМ и СРЈ е од исклучително значење за мирот и безбедноста на регионот, мисла дека сите пратеници во ова Републичко Собрание ќе го поддржиме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитуван премиер, навистина е несфатлива причината за прекинување на итната седница закажана поради една многу чувствителна појава, како што беше последната афера околу прислушкувањето. Афера, која од една страна зачудуваше по нејзиниот масовитет, а многу горко сфативме дека не беше само масовноста одлика на таа појава, туку и времетраењето односно перманентноста која датираше уште од првите години на оваа нова држава.

Кога сите во државата од пратениците па до обичните граѓани го чекавме исходот од оваа расправа и афера, во ова Собрание ни се наметна по својата итност уште еден друг закон, а тоа е Предлогот за донесување по итна постапка закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и СР Југославија за протегање и опис на државната граница. Тоа значи во Републиката сите други проблеми се решени, како што е, меѓу другото спорот околу името, па сега остана само обележувањето на северната граница. Законот каков таков има низа недостатоци и доаѓа во спротивност со низа меѓународни акти и норми, делови ќе потенцирам.

Прво, северната граница на Република Македонија е граница која се протега помеѓу три, а не две држави. И тоа, Република Македонија од една страна и република Косово и Република Србија од друга страна и тоа во најмалата должина помеѓу Република Македонија и Република Србија, а во најголемиот дел помеѓу Република Македонија и Република Косово. Овој договор како таков е потпишан само помеѓу Претседателот на Република Македонија г-динот Трајковски и Претседателот на Србија или таканаречена СРЈ, заобиколувајќи ја или занемарувајќи ја волјата на народот кој живее на тие простори, а притоа и меѓународните механизми кои се присутни таму и под чиј протекторат е моментално таа земја или држава, а кои механизми играле и ќе играат голема улога токму во стабилноста на Република Македонија.

Со еден ваков документ се занемарува УМНИК и КФОР, составени од војници од над 40 држави, а заради реализацијата на Резолуцијата 1244, на Обединетите Нации.

Потпишувањето на ваков договор, а притоа без претходно присуство или барем консултација со овие релевантни светски фактори претставува своевиден преседант кој како таков ќе има свое влијание ако не во нешто друго тогаш сигурно врз угледот на Република Македонија.

Овој договор како таков не претставува ништо друго или не одразува ништо друго освен големата желба на двете влади т.е. Владата на Република Србија, и Владата на Република Македонија во која како партиципиент имаме една албанска политичка партија Косово и понатаму си останува дел од Србија.

Кога сме кај потпишувачите на овој договор односно г-динот Трајковски кој во посебно време изгледа ја доби довербата на најголемата македонска опозициона партија, не можеме, а да не ја спомнеме неговата изјава по потпишувањето на овој договор, а тоа дословно гласи: "Беше единственото отворено прашање помеѓу нашите држави, а тоа значи прашањето за граничниот појас помеѓу Република Косово и Република Македонија претставува отворено прашање помеѓу Република Македонија и Република Србија". Навистина своевиден парадокс, а може би по

парадоксално е леснотијата со која г-динот Трајковски ги смени своите ставови и убедувања така неполн месец пред потпишувањето на овој договор беше токму г-динот Трајковски тој кој среде Вашингтон и тоа на 1 февруари о.г. во Центарот за стратешки интернационални студии се прејудицираше дека Република Србија го има изгубено моралното право над Косово односно на волјата на народот на Косово, треба да се има предвид за крајниот статус на таа земја за што доби голема доверба од Меѓународната заедница.

Со право се прашуваме кој од овие два става е правиот став на г-динот Трајковски? Ние сигурно. Уште еднаш ќе се потсетиме дека проблемот на Косово не е веќе проблем на Република Србија како што не претставува ниту проблем на други земји во регионот, па со тоа ниту на Република Македонија.

Овој закон како таков и ставот на оваа Влада не претставуваат ништо друго освен голема желба да се спречи натамошното распаѓање на тоа што има останато од креатурата наречена Југославија, а која може да има последици и врз Република Македонија.

Друга точка која треба а се има во предвид при овој закон е фактот дека во македонската комисија која работеше при одбележувањето на граничниот појас во своите редови немаше ниту еден член од албанската национална припадност, ниту експерт од Министерството за одбрана или некоја друга институција која се бави со таа проблематика ниту некој функционер од политичка партија, а тоа можеби е факт колку оваа Влада има доверба или го зема во предвид албанскиот фактор во Републиката.

Друг голем недостаток на овој договор претставува и фактот што иако тој како таков претставува проблем помеѓу три земји, а потпишан е од претставници од две земји од кои едната т.е. Република Србија е земја која претставува своевиден проблем во регионот и како таква го зема правото да одлучи за граничниот појас на друга држава. При потпишувањето на таквиот договор се заобиколува и се негира меѓународниот фактор како гарант, а кој како таков е присутен на овие простори, па и во Република Македонија. Тоа не претставува проблем за Република Србија која е навикната на непочитување и на кршење на договори, закони, акти, па биле тие и меѓународни. Но, бидете сигурни тоа може да претставува проблем токму за Република Македонија односно ова негирање што таа го направи на овие релевантни фактори, а за чија помош Република Македонија сеуште има потреба.

На крајот да не должам, ние како пратеници т.е. јас и г-динот Фадил Бајрами нема да го поддржиме ниту да гласаме за овој закон. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Замир Дика:

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам г-дине претседателе, почитуван премиер, почитувани членови на Владата на Република Македонија, почитувани колеги. Ќе го кажам ставот на ДПА, по прашањето на ратификацијата на овој договор.

Овој договор го сфаќаме, за разлика од некои други кои ги искажаа своите ставови, како технички договор за демаркација на границите на Република Македонија. Сакам уште некои работи да разјаснам затоа што и медиумите се присутни, што се однесува до некои ставови кои очигледно колегите ги немаат информациите, Комисијата е формирана со одлука на Владата на г-динот Бранко Црвенковски на 24 април 1996 година. Кога дојде на власт оваа коалиција навистина немаше ниту еден претставник албенец во оваа Комисија. Но, погрешни ви се информациите господа, веднаш по доаѓањето на оваа Владина коалиција, во оваа комисија беше определен како претставник на ДПА потсекретарот на МВР г-динот Илбер Луфи, а од 16 јануари 2001 година како член на оваа Комисија е г-динот Нафи Доко, исто така потсекретар во МВР, член на ДПА.

Значи, да ве демантирам и да ви кажам дека ДПА активно учествуваше во овој дел од работата на Комисијата и ова го рече г-динот премиер кој е претседател на Владата и јас сакам да го афирмирам дека кога се работи за техничкиот аспект на маркирање на границата нема ни еден милиметар разлика од границите што беа кога бевме една држава.

Ова е многу важно затоа што од информациите што ги добивме од овој член на оваа Комисија, имало предлози на пример г-динот Петров, за Гора, некои делови од Качаник, г-динот премиер рече и за „Прохор Пчински", но сакам да ве уверам дека на крајот принципите победија значи нема никаква компензација на делови од териториите од овој аспект.

Што се однесува до Косово, многу е јасно за тие што сакаат да го гледаат овој феномен и оваа точка на дневниот ред, од

овој случај има два аспекти. Косово, дефакто, е како независна држава под протекторат на Обединетите Нации, УМНИК. Но, формално - правно, де јуре, уште важи Резолуцијата 1244, значи, де јуре не е така. Кои се тие фактори, кои овозможија дефакто Косово да биде така како што е, да не биде под јурисдикција на Србија. Освен ОВК, тука најголемите фактори беа НАТО, САД, Европската Унија и други меѓународни фактори, кои се единствен гарант за оваа позиција во која се наоѓа Косово. Според оваа логика мислам дека тие се тие фактори кои можат да придонесат нашата желба или политичка волја на нашите политички партии, Косово еден ден да биде независна држава, тие се можеби единствените одлучувачки фактори за оваа позиција. И, ако ги слушате изјавите на тие фактори, значи, на НАТО, САД и на Европската унија многу јасно искажани што се однесува до овие инциденти или што се однесува до овој склучен договор, тие јасно ни даваат до знаење дека цврсто стојат зад интегритетот и суверенитетот на Република Македонија. И, ако ние сакаме да ги занемариме тие субјекти дека се неважен фактор, тоа сами нека проценуваме политички.

Во овој контекст мислам дека ДПА е многу одговорна и тоа потврдено сериозна политичка партија, која е детерминирана сите политички интереси со активна борба во институциите, политичка борба да ги реализира. Исто така, Демократската партија на Албанците докажува дека е фактор на стабилноста и во тој контекст ние ќе го поддржиме овој договор. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, господине претседателе, господине премиер, сакам да кажам ставот мој како пратеник на Либерално демократската партија, што е истовремено став на сите членови, симпатизери, поддржувачи на Либерално демократската партија во врска со ова исклучително важно прашање за Република Македонија.

Прво, досегашното непотпишување на договорот, сите овде знаеме во Република Македонија, не само во Република Македонија, дека не беше по вина на Република Македонија. Тој пропуштен период беше израз на политички, ние со право можеме да кажеме и така да го толкуваме како политика насочена против субјективитетот и интегритетот на Република Македонија од политички сили, кои што се раководеа со платформи од минатото.

Второ, сегашната подготвеност на југословенската власт ги симнува тие сомневања преку овој чин на постигнување согласност за утврдување на границите меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија и отвора, навистина, одлична перспектива за уште подобра соработка меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија и дава пример овде на сите држави во Балканот како да се разрешуваат определени спорни прашања.

Оваа спогодба е во прилог, е потврда на политиката на ненасилно менување на границите. Оваа спогодба, овој договор е израз на доследност во остварувањето на политиката на неменување на границите, на политиката која што бара мирни средства за решавање на проблемите меѓу народите, меѓу државите. Оваа политика, овој договор е израз на луѓе кои што бараат мирен и безбеден Балкан. Тие што го поддржуваат принципот на ненасилно прекројување на границите и политиката на мир и стабилност на Балканот, политиката на интеграција во европското семејство на држави, без трошка, без двоумење, ќе ја поддржат оваа спогодба. Нема никаква еквивалентност меѓу став изречен кој што вели дека ние го поддржуваме субјективитетот и интегритетот на Република Македонија. Ние ја поддржуваме мирната политика за решавање на проблемите на Балканот. Нема никаква еквивалентност со тој став и став за неподдржување на една ваква спогодба, која се потпишува меѓу два меѓународно признати субјекти. И на вакви примери се потврдува поддршката за одбрана на субјективитетот, на територијалниот интегритет на Република Македонија. Се друго е политики со некакви други двозначности и нејаснотии, кои што од незнам какви причини може денеска да се декларираат, но тоа се политики кои што не се во прилог на мирот, на стабилноста, на просперитетот, не само на Република Македонија, туку на целиот регион.

Македонија, оваа спогодба ја потпишува со меѓународно признат субјект и таа е апсолутно неспорна и според сите норми на меѓународното право. На учесниците на екипите што преговараа за остварување на оваа спогодба, за постигнување на овој договор, од се срце им честитам за успешно завршената работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Збор има г. Слободан Даневски.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Да, ќе гласам со задоволство за оваа спогодба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, премиер, министри и пратеници, Либералната партија со овој Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државните граници, цени дека доаѓа во вистинско време и во вистински момент. Инцидентите од Танушевци, Теарце и ред други работи мислам дека нема да ја поколебаат Владата и Република Македонија да ги уреди односите како внатре во Република Македонија, така и со сите соседи. Цениме дека Владата и Република Македонија ќе ги уреди сите односи со останатите соседи на Република Македонија. И, убеден сум дека Владата работи на проектот наречен Европа. Сите оние багажи кои што ни стојат од минатото ќе ги надминат и ќе влеземе во големото друштво на семејства во Европа.

Од овие причини цениме дека ќе гласаме за и ја поддржуваме оваа Декларација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Амди Бајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван господине премиере, почитуван заменик господин премиер, почитувани министри, почитувани господа пратеници, денеска имаме Предлог за донесување закон по итна постапка, Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за протегање и опис на државната граница, со Предлог на закон. Јас како претставник од Сојузот на Ромите, како претседател на Сојузот на Ромите и како пратеник во Парламентот и како парламентарна партија во Парламентот на Република Македонија, лично и во името на сите Роми нас ни е многу мило и драго што дојде време да дојде до ова во Република Македонија и Сојузна Република Југославија, за да може да се дојде до она кое се бараше толку време, еднаш да знаеме до каде е нашето место, до каде сме и што сме.

Ние, Ромите, сите знаете се протегаме секаде во светот, но најнормално сите знаете и сите делегации кои доаѓаат во Република Македонија, јас сите делегации што ги имам примено и со претходниот пратеник, кој беше во Парламентот, заедно кога бевме двајца пратеници, досега имаме 113 делегации примено и ние ја имаме Република Македонија секогаш како пример ја даваме дека ние Ромите сме во преамбулата на Уставот признати како националност овдека во Република Македонија. Ние немаме друга држава, освен Република Македонија. Нас ни е Република Македонија наша држава. Ние сме државјани на Република Македонија и даваме потполна поддршка, целосна од моја страна како пратеник, претседател на партија на Ромите, Парламентарна и од сите Роми, во име на Ромите за ова и го поздравуваме, значи што доаѓа овој момент за нашата граница, еднаш да се знае во Република Македонија до каде е нашето место, што е, затоа што тоа е мое место, заедничко место на сите граници, сите камења каде што се поставени, тие се наши камења и јас ќе гласам за и ќе го поддржам ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави г. Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Верувајте ми, сигурно немаше да се јавам за збор ако не беа искажани неколку реченици тука, кои што ме наведоа уште еднаш да го реафирмирам ставот на Партијата за демократски просперитет и пратеничката група во врска со ова прашање.

Видете, господа, мислам дека г. Зибери на јасен и недвосмислен начин го презентираше ставот на партијата на пратеничката група и тој кажа дека ПДП и пратеничката група немаат ништо против територијалниот интегритет на Република Македонија. Недозволиво е сега да се изведуваат поинакви заклучоци во врска со тој став, затоа што ние јасно кажавме, а јас повторувам. Ние не го спориме фактот дека Република Македонија, Владата на Република Македонија, соодветни стручни комисии од таа област разговараат со Србија односно со Сојузна Република Југославија за делот на границата што се однесува до нив.

Што се однесува до територијата на Косово, Сојузна Република Југославија не е активно легитимирана. Таа не е држава во смисла на нејзина компетентност да склучи

договор за границите со Република Македонија. Ние викаме дека границата можеби ќе беше токму тука каде што е. Можеби ќе се постигнеше некоја согласност за уште некој километар понатаму, тоа не е наша задача, тоа не е наш проблем. Наш проблем е да кажеме дека Сојузна Република Југославија не е присутна на Косово. Таа не е држава во правна смисла на зборот што се однесува на Косово. Секој студент по право знае дека државата има три основни белези. Тоа се, територија, население и вршење на фактичка власт на таа територија. Дали, ве молам, Сојузна Република Југославија врши фактичка власт на Косово. Не. Министерот Ќерим многу јасно кажа и повика на УМНИК и косовските лидери да помогнат во имплементацијата на договорот итн., што е сосема во ред. Да не беше така повикот ќе беше до српската власт односно југословенската власт за имплементацијата на одредбите на договорот што се однесува до границите. Според тоа, ве молам, без никаква злоба дајте сфатете ја позицијата на нашата партија и нашиот став дека ние навистина не оспоруваме ништо, ни што се однесува до точките на границите, тригонометриските точки, коти итн., тоа е така. Можеби во иднина ќе се договорат и поинаку, што би било дури во полза на Македонија итн. Не е тоа проблемот. Проблемот е во активната легитимација на странката да потпишува договор со Република Македонија. Можете вие овој став да го прифатите или да не го прифатите, меѓутоа, тоа е наш став и како таков, ве молам, да го почитувате, без да отвораме тука дискусии, кои што можат да не водат во недоглед. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Министерот за надворешни работи се јави за збор.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Благодарам г. претседателе, чувствувам за потреба да дадам одредени појаснувања по повод интервенциите на пратениците Зибери и Хаџиреџа, а и сега г. Абдурахман Алити. Изразивте овде една резерва во однос на чинот, кој Република Македонија го потврдува со денешната ратификација од гледна точка на наводен игнорантски однос на Македонската Влада кон УМНИК и Привремениот Совет на Косово. Јас би сакал во врска со тоа овде да изнесам некои факти. Со сиот почит врз база на овие ваши политички проценки што ги изнесовте овде, морам да ви укажам на некои факти од меѓународните норми, од Резолуцијата 1244 и од она што се случуваше.

Прво, иако УМНИК нема никакви ингиренции согласно Резолуцијата 1244 ниту пак Привремениот Совет на Косово во однос на границата и било кој аспект кој е врзан за границата, Министерството за надворешни работи односно владината комисија беше во перманентен контакт со претставниците на УМНИК и ги информираше за текот на преговорите, вклучувајќи тука и барање на документација од Приштина, која може да придонесе токму за прецизно одбележување на границата. Ви стојат на располагање, имам документи во Министерството, белешки од тие контакти и разговори, кога сакате, повелете, можете и самите да се уверите во тоа. Но, се надевам дека можете и на збор да ми верувате.

Токму поради сериозноста со која му пријдовме на ова прашање и поради она што вие го укажавте дека толку години поминаа за да дојдеме до овој чин, ние го вклучивме и УМНИК во текот на преговорите во контактите преку размената на информации. Ниту една забелешка не добивме, ниту во писмена, ниту во усмена форма, било од страната на УМНИК, било од страна на Привремениот совет на Косово по овој повод. Така што, тоа го сметаме како своеврсен чин на прифаќање на ова што сме го сториле со Сојузна Република Југославија.

Второ, што би сакал, исто така, да ве упатам кога станува збор за факти, не беше на нашата страна да определува кој е релевантниот партнер од другата страна, ниту ние имаме таква потреба, ниту пак по меѓународните норми Владата на Република Македонија беше принудена на еден таков чин.

Што се однесува до Сојузна Република Југославија, Сојузна Република Југославија е членка на Обединетите Нации и како членка на Обединетите Нации ги има сите права и обврски кои што произлегуваат од Повелбата исто како и Република Македонија и во овој случај и двете држави се однесуваа согласно на Повелбата и согласно на Резолуцијата 1244. Се друго е во домен на лични проценки за опортуноста на ова прашање. И, како што реков, не навлегувам, ниту сакам тоа да го коментирам, но, би сакал овие факти овде да ви ги предочам и да ве замолам, имајќи ги токму тие факти предвид и вие да се приклучите кон она што останатите пратенички групи денес го заклучија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Насер Зибер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Би сакал да верувам на зборовите на министерот дека бил во постојан контакт, и тој и делегацијата која беше вклучена за оваа работа, со УМНИК. Меѓутоа, некако нелогични ми се заклучоците кој ги изведува. Тој најпрвин констатира дека УМНИК не е надлежен по ниту едно прашање кое е во доменот на Спогодбата, а потоа вели дека бил постојано во контакт со УМНИК, токму за тие прашања.

Второ тој вели дека не била обврска на македонската страна да определува преговарачка страна, што мислам дека е несфатливо да разговарате за конкретна територија, за конкретна граница, а да не знаете со кого разговарате.

Точно е дека Југославија е членка на ОН, но Југославија фактички нема територијален суверенитет, актуелно, врз територијата на Косово. И вие можете да преговарате за делот на границата на кој има фактички формално - правен суверенитет Југославија над таа територија, но во никој случај за територија на која не се вее Југословенско знаме, на која нема граничар од Југословенската армија и ниедно обележје, во смисла на она што и претходно беше речено што претставува држава, а не е само Србија, вие да преговарате со таков субјект и да тврдите дека не е ваше да знаете со кого преговарате односно да определувате субјект со кого ќе преговарате.

И конечно беше спомнато, наводно дека оваа Комисија била формирана порано и секогаш во недостаток на аргументи се повикувате на една на нас веќе позната фраза, и вие кога бевте истото го направивте, или ова беше отпочнато во ваше време.

Господа пратеници, за тоа што порано правела Владата, си положи сметка за тоа и народот не случајно се одлучи за промени, сегашната Влада да не прави она што го правела претходната. Инаку која е логиката да се определува за поинаква Влада. Но, тоа е друг проблем. Проблемот е следниот: Разликата од претходните договори и сегашните е круцијална, а круцијална е во смисла на тоа што различен формално - правен субјективитет има Косово пред 1999 година и сега. Косово денес е меѓународен протекторат и надвор од тие димензии е погрешно да се водат преговори со Белград и Скопје, а на сметка на друга територија, на туѓа територија, односно Приштина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за надворешни работи г-динот Срѓан Ќерим.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Г-дине Зибери, јас во ниеден момент не реков дека ние сме преговарале за туѓи територии, или за било какви територии, ниту пак за граница. Ве молам погледнете прецизно како е формулиран Предлог законот.

Што ратификуваме? Ратификуваме протегање и обележување на границата. Според тоа не можете да ми импутирате ниту на мене, ниту на Владата дека сме преговарале за територии, па затоа сме требале да имаме релевантни партнери од другата страна, ниту пак за граници и прекројување на граници. Затоа забелешката од таа смисла е замена на теза.

Ве молам дали вие прифаќате дека вашата забелешка која се однесуваше на УМНИК и Привремениот Совет на Косово, со моето објаснување ви е и задоволено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По втор пат за реплика се јавува г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сега јас незнам дали вистината ја зборува министерот или премиерот.

Пред малку премиерот кажа дека е разговарано и преговарано за одделни села, територии, луѓе итн. Дури се правени и анкети, во смисла каде сакаат да припаѓаат одредени села и населени места. И на крајот на краиштата не е ни битно тоа. Битно е тоа што претставува границата, дали тоа не претставува обележје на територии и тие територии во рамките на чии граници се. Ако сакаме ние да ги мистифицираме и на поинаков начин да ги кажуваме работите, тоа е друго прашање, меѓутоа јас незнам за што разговараме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува г-динот Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, изјавувам на Пратеничката група на независните пратеници дека давам безрезервна поддршка на законот за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и СР Југославија, за протегање и опис на

државната граница и ќе гласаме за истиот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има реплика г-динот Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Бидејќи бев спомнат од министерот, јас би сакал токму од страна на министерот да добиеме образложение на член 9 и член 10 од овој закон.

Членот 9 гласи: Евентуалните спорови при толкувањето и примената на овој договор ќе ги решат владите на договорните страни по дипломатски пат.

Ако случајно ние сега, да речеме, имаме некој спорови или било што во овој дел од границата, со кого Владата на Република Македонија би преговарале, зборувам во моментов?

Член 10 вели: - Овој договор се склучува на неопределено време.

И овде да кажам, на пример после независноста на Косово со кого Владата на Република Македонија тогаш ќе се договара и како овој закон ќе биде на неограничено време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине претседателе на Собранието, г-дине претседателе на Владата, членови на Владата, почитувани колеги, во изминатите десет години од самостојна и независна Република Македонија, чекорејќи по патот до нејзиното меѓународно признавање и етаблирање во меѓународните организации и институции, нејзиното интегрирање во евроатланските структури и Европската унија, постојано досега наидувавме на досега невидени пречки и потешкотии. Ниедна од државите, па и оние кои припаѓаа на таканаречената група на држави во транзиција, процес кој се отвори по падот на Берлинскиот ѕид, не поминала по таков трнлив пат како ние, на патот до интегрирање во овие процеси. Се што е направено досега во РМ направено е како што знаете, со големи маки и по многу висока цена. Во целиот изминат период се вложуваа огромни напори, многу знаење, умеење и трпеливост да се затворат бројните прашања кој што се отворија веднаш по осамостојувањето на државата и со кој што не само што не се помагаше таа држава меѓународно да се признае и да се интегрира, туку во некои случаи се тежнееше дури и да се дестабилизира и да ја снема од политичката карта на Европа. Еве и денес кога е пред нас законот за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и СРЈ, за протегање и опис на државната граница, со кое што затвараме едно исклучително важно прашање кое е многу битно за добрите билатерални односи, меѓутоа исклучително е битно за зачувување на територијалниот интегритет и суверенитетот на нашата држава и за подигнувањето на нејзиниот меѓународно државно правен статус. Исклучително е битно затворањето на ова прашање за одржувањето на мирот и безбедноста во целина.

Еве ние расправаме за едно такво прашање во моментот кога токму тој мир и таа безбедност на нашата држава па и на регионот повторно се загрозени. Наместо да се израдуваме на тоа што после пет годишна макотрпна работа, држејќи се цврсто кон принципите за преговорите врзани за утврдување и одбележувањето на границата, утврдени уште во 1986 година, и наместо после денешната ратификација уште од утре да се почне со работа од страна на комисиите за одбележување на границата, еве на нас ни се случува да немаме достап, токму до еден дел од таа граница за која денес ратификуваме договор за утврдување и за маркирање.

Со оглед на тоа што како поранешен министер за одбрана и за надворешни работи учествував и во формирањето на самата комисија и во дефинирањето на стратегијата и принципите за преговорите врзани за утврдувањето на границата и нејзиното одбележуваше и со оглед на тоа што во еден период ја координирав заедно со другите, работата на таа Комисија, знам за каква макотрпна работа се работи, знам колку знаење и умеење е вложено да се постигне еден таков договор, посебно за напорите кои беа вложувани да не дојде до прекин на преговорите, во времето пред демократските промени во СР Југославија, во времето кога југословенскиот дел од комисијата постојано беше инструиран да ги разводнува работите, постојано беше инструиран да делува деструктивно и постојано излегуваше или си поставуваше такви барања со кои, на пример се тендираше, главните стратешки точки долш границата да припаднат на југословенска страна за да може да се контурираат главните комуникации во државата. И во таа смисла свесен сум дека ако не дојдеше до демократските промени, многу тешко и денес ќе се постигнеше овој договор. Но, после демократските промени во СР

Југославија, со продолжувањето на работата на комисијата, успеавме да го постигнеме договорот и во таа смисла знаејќи ја работата на комисијата, оценувам дека има огромни заслуги за успешно завршената работа и сакам за тоа да и оддадам признание.

Со ратификацијата на овој договор не само што се уредуваат сите односи со СР Југославија, не само што сме првите две држави од поранешна Југославија кои ги уредуваат целосно своите односи, туку со меѓусебното признавање со Република Грција и потпишувањето на времената спогодба, со меѓусебното признавање со другите два соседи, може да се потсетиме дека и со ратификацијата на овој закон дефинитивно се редефинираа и еден дел од одредбите на Букурешкиот договор од 1911 година.

Република Македонија може да биде исклучително задоволна што ги уредува територијалните прашања со сите соседи што се од исклучително значење за нашата држава и што ќе бидат поздравени од целата меѓународна заедница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор премиерот на Република Македонија г-динот Љупчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, ќе ми дозволите повторно во интерес на онаа моја заложба од самиот почеток како да дојдеме до консензус, затоа што мислам дека многу блиску сме до тој консензус на сите политички партии, да дадам уште неколку аргументи.

Од она што можев, а верувам дека сега добро сфатив кои се задршките на ПДП и на некои други членови од Парламентот, за овој закон. Мислам дека сите заеднички можеме да констатираме дека, очигледно, од дискусиите и од забелешките произлегува јасно дека проблемот не се гледа во техничкиот аспект на договорот. Едноставно, дури слушнавме од сите страни дека навистина се работи за она што се нарекува потврда на статус - кво, на тие граници, такви какви што се затекнати, проблемот произлегува и задршките кај одредени парламентарци се од фактот кој преговарал од другата страна. Значи легитимитетот на преговарачот од другата страна се оспорува. Како дополнување на она што претходно го кажав, ќе наведам уште неколку аргументи:

Оваа Влада на Република Македонија преговара согласно постоечката меѓународна регулатива која на ваков или на таков начин го одредува интегритетот на нашиот северен сосед, Југославија. Меѓутоа, во исто време сите ние знаеме дека има една специјална состојба која практично ја нема во друга држава во светот, каде сепак, на дел од таа територија е воспоставена контрола, или како да кажеме политички патронат или протекторат на меѓународните организации во името на УМНИК. Значи потенцирајќи ги повторно дилемите кои се поставуваат овде, јас уште еднаш дефинитивно ќе кажам дека ова Влада почитуваше се што во овој момент Меѓународната заедница има ставено како легитимитет. Во исто време и ингеренциите кои произлегуваат за југословенската Влада произлезени од Декларацијата 1244, меѓутоа во исто време и она што произлегува од ингеренциите на УМНИК. Во тој правец мислам г-динот министер за надворешни работи, Срѓан Ќерим беше многу јасен и прецизен кога ви ја даде информацијата дека ние за сето време го информиравме УМНИК за нашите преговори околу границите. Дури во одредени ситуации е барана и заедничка соработка односно одредени информации. Значи ако одговорот го задоволува, нерасчистената дилема кај некои пратеници јас повторно децидно можам да кажам дека ние во исто време ја почитувавме Декларацијата на она 1244, меѓутоа ги почитувавме и ингеренциите на УМНИК, во конкретниов случај за Косово. Значи тоа е што се однесува за денешниот договор. Сега многу е јасно дали ние ќе навлеземе, односно дали сакаме во овој парламент да бараме одговор што е УМНИК дали пак тој има право, во името на мнозинството на косовски граѓани да преговара и да дава поддршка или не поддршка за еден ваков договор.

Јас уште еднаш ќе потенцирам дека ние во овој момент го почитуваме меѓународното статус - кво. Што ќе биде после две години, или после десет години, тоа не е работа, за која одлучува Република Македонија, туку тоа е ситуација за која ќе одлучи целокупната меѓународна заедница, а најмногу ќе произлезе од однесувањето на самото население на Косово.

Ако се работи за еден конструктивен период и на сите оние кои сакаат да му помогнат, беше спомнат инцидентот во Танушевци. Јас длабоко ве уверувам можеби некој тоа што го прави во Танушевци го прави затоа што смета дека е голем патриот. Меѓутоа ве уверувам дека за албанските интереси на Косово немаше по

штетен настан од оној инцидент во Танушевци, затоа што ни една едногласна осуда на Меѓународната заедница не доби албанскиот фактор толку, единствено од целата Меѓународна заедница колку што беше ситуацијата во Танушевци.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение):

Така што овој инцидент јас го кажувам дека директно одмага на идејата после две или пет години да се преговара со некој друг субјект на нашите северни граници. Конечно, кога сме тука, на прашањето дали Умник и на него му го оспоруваме правото дали може да дава поддршка или не на овој Договор, тогаш јас можам слободно да кажам дека тогаш можеме да поставиме 100 отворени прашања. Во исто време можеме да го поставиме прашањето дали Умник е тој кој може да дава пашапорти во името на косовските граѓани. Дали е Умник тој кој може да ја одредува економската политика на Косово. Дали е Умник тој кој има легитимитет да воспоставува царинска контрола на границите и да спроведува царински тарифи. Да не зборувам за внатрешната управа на Косово. Значи, ако ние на ова седница го поставиме и легитимитетот на Умник, тогаш мислам дека оние кои сакаат да ги заштитат албанските интереси на Косово, само ќе му одмогнат во името на таа идеја, затоа што ние во оваа ситуација имаме сите единствена политика. Умник е тој кој го има легитимитетот на Косово, се до моментот додека не се определи некој друг статус. Оној кој сака да го оспори тој легитимитет на Умник, мислам дека прави неверојатна голема штета во името можеби на некој патриотизам, меѓутоа, во правно - формален легитимитет, мислам дека многу ќе изгуби. Токму заради тоа, еве уште еднаш го потенцирам фактот. Задоволство ми е што можам да констатирам дека и кај оние пратеници кои го оспоруваат овој Договор, значи, не се поставува во прашање техничкото одбележување на границата и она што е суштина на теренот, туку се оспорува и се поставува знакот на прашање кој е тој што од другата страна има легитимитет да преговара за една ваква работа. Мислам дека и во овој контекст одговорот можеме сите заеднички да го најдеме. Ние ги почитувавме доследно меѓународното статус - кво, кој во овој момент има легитимитет.

Еве, уште еднаш барам разбирање на овие противници и навистина да најдеме заеднички сили да се надминеме, затоа што верувајте дека сите од ова ќе добиеме поени. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Саво Климовски се јави за збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Навистина кога ми недостасуваат правни аргументи, најлесно е да се потегнат политичките аргументи и преку замена на теза, наместо правни, да утврдуваме политички или дневно политички, уште поконкретно аргументи, ние се обидуваме да оспориме еден документ кој што навистина јас го ценам како документ од историско значење, а еве и зошто, токму од правните аргументи.

Најнапред, со овој документ се потврди територијалниот суверенитет на Република Македонија, утврден уште 1944 година. На тој начин, со овој документ и со овој чин на гласање денеска ние практично го заокружуваме и последниот елемент кој што Република Македонија го немаше како самостоен правен или државно - правен субјект. Тоа е едно.

Вториот момент, кој што е многу значаен и кој што е навистина прилог на Владата, тоа е прашањето и дисолуцијата на СФРЈ. Правната дисолуција на СФРЈ започнува од оној момент кога денеска ние ќе притиснеме овде копче, затоа што со сите други држави остануваат отворени прашањата на границите, како што кажа почитуваниот министер овде, а ние денеска практично излегуваме формално - правно од поранешната СФРЈ и со тоа го окончуваме процесот на дисолуција, односно на распаѓање на поранешна Југославија. Тоа е вториот правен момент на кој што сакам да укажам и кој што Македонија си ги инкасира како позитивно на своето салдо и на внатрешен и на меѓународен аспект.

Вториот момент кој што овде сака некој сака да го первертира како теза, или се употребуваше терминот Република Косово на која што мислам господине претседателе требаше да се реагира, бидејќи се употреби еден несоодветен државно - правен термин, или пак се употребуваше терминот протекторат. Ни едниот ни другиот термин не соодветствуваат на моменталната ситуација, правна ситуација на Косово и особено не соодветствуваат на Резолуцијата 1244 на Обединетите нации. Ако таа Резолуција добро се познава, тогаш не се оспорува

територијалниот интегритет и суверенитет на Сојузна Република Југославија и јас мислам дека нашата Влада, претставниците на нашата Влада преговарале со легитимни претставници на држава која што ја признава Меѓународната заедница и оттаму и значењето на овој договор.

Значи, јас ја отфрлам тезата дека се разговарало со нелегитимни претставници и што една сеуште несмирена ситуација во еден дел на друга држава, нам ни се припишува како минус во преговорите и јас тоа не би можел да го прифатам. Исто така, овој Договор јас го сфаќам како прилог кон напорите што Европската унија ги прави во Југоисточна Европа кон оној договор кој што треба да го потпишеме во април месец, да го парафираме и да почнеме да го реализираме, а тоа е не само стабилноста, не само мирот, туку и практиката, која што Европската Унија ја применува меѓу сопствените држави, а тоа е да се исцрта границата како еден релативен поим за да може понатаму, во меѓусебната комуникација да се знае и да се овозможи полесно комуницирање меѓу луѓето, идеите, стоките и така натаму. На недефинирана состојба вие тоа не можете да го знаете. Јас го поздравувам овој договор и го сметам како навистина успех и на оваа Влада и на сите други преговарачки тимови и се разбира, доколку не паднеше режимот на Милошевиќ, не се создадоа демократски услови во Сојузна Република Југославија, овој процес сеуште ќе беше отворен и понатаму.

Затоа, ќе гласам за овој договор и сметам дека овој договор е многу позначаен од историски аспект за Република Македонија, за нејзиниот суверенитет и конечно, како еден фактичко - формален чин на распаѓањето на поранешна Југославија, а другите републики нека си ги решаваат работите како мислат дека треба да го направат. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, се јавувам по втор пат во расправа по денешната точка. Сега се јавувам како претседател на Комисијата за политички систем која денеска пред оваа седница имаше средба во полн состав би рекол. Очекував известителот на оваа седница да се јави за збор, бидејќи не се јави, чувствувам потреба да го дадам ставот на Комисијата.

Во Комисијата, како што е познато, членуваат пратеници од позицијата и од опозицијата, едногласно, со консензус се донесе заклучок да се предложи на денешната седница да се ратификува Договорот меѓу Република Македонија и Социјалистичка Република Југославија за протегање и опис на државната граница. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господине Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата.

Денеска ние на дневен ред имаме ратификација на Договор меѓу Република Македонија и СР Југославија. Во секој случај, факт е дека до денеска во Парламентот кога ратификувавме меѓународни договори не се водела некаква расправа, а токму денеска, не случајно се отвора расправа.

Што е целта на ратификацијата? Мене други господа што ја знаат оваа проблематика ми рекоа дека целта на ратификацијата е историски поставена за еден документ, еден договор да биде јавен, за тоа да може да се расправа, да може со тоа да се запознае јавноста. Инаку, постои опасност, ако овој Договор не биде ратификуван, да има се и сешто во него, а јавноста и политичките чинители да не бидат запознаени за тоа.

Инаку, по толкувањето на некои господа за Уставот на Република Македонија велат, дека ако тоа биде потпишан од претседателот на државата, дури тој не може да биде ратификуван. А во Договорот изричито стои дека овој Договор треба да се ратификува.

Што значи дека не станува збор за техничко прашање, танува збор за суштинско прашање и не случајно договорените страни се договориле тој да биде ратификуван.

Денеска што имаме? Ние го проценуваме политичкиот момент, потпишуваме еден многу значаен договор.

Имаме ситуација, претседател на држава, Сојузна Република Југославија и нивната Влада, кои потпишуваат договор, нема потполн легитимитет на државата кој ја претставува. Вие знаете, дека таа Сојузна Влада и тој сојузен претседател и избран без гласови на дел од неговата територија. Тоа е од Косово и од Црна Гора. Тој беше бојкотиран.

Од друга страна, претседателот на државата, Република Македонија, потпишува Договор, кој претседател до вчера, буквално беше неговиот легитимитет во прашање. Вчера, со политичка одлука, најголемата опозициона партија го прифаќа за легитимен претседател на државата. Ние зборуваме за тоа во какви историски околности ние носиме или ратификувано еден важен Договор. Дали ние оценивме дека историските околности се вистински наклонети за Република Македонија, или за тоа се наклонети на некој друг. Дали луѓето кои учествувале во преговорите, воделе сметка за Македонија, за стабилноста на Македонија, или за сосема друго. Ако на ова му се додаде и размислувањето на една многу авторитативна личност во Европа, на која цело време се повикуваме, на господата Дел Понте, дека единствено таа е таа, која длабоко се сомнева во господинот Коштуница. Ние немаме право да делиме дека склучуваме или ратификувано многу значаен договор, или историски договор.

Мислам прво што требаше да се направи, Република Македонија требаше да го процени моментот, кога ќе влезе во договор за едно вакво суштинско прашање. Не случајно Словенија и Хрватска до ден денеска преговараат и имаат легитимни претставници на ниво на Влада, претседатели на држави, но ценат дека сеуште, немаат позитивна клима, за да може да се потпише тој договор. Ние преку ноќ, притиснати од моменталната ситуација, ставаме на дневен ред, потпишување, односно ратификација на еден ваков договор. Некои дури одат до таму што секој еден кој што има легитимно право, да изрази поинакво размислување за ова, автоматски го прогласува за некаков адвокат на некоја страна. Ние цениме дека политичкиот момент, во моментот не ни одговара на Република Македонија. Во Косово сеуште нема легитимна власт, која произлегува од народот. Резолуцијата 1244, зборува за неколку стотини, а не илјада, кои што евентуално ќе бидат гаранција, односно ќе ја гарантираат границата кон Косово спрема Македонија. Дали е подобро политичката проценка, ние да градиме добри односи и добра политичка клима, со тие два милиона други, отколку со тие неколку стотици, што ќе бидат гарант за безбедноста н државата.

Вие знаете ако ги следиме политичките прилики во Косово, се очекуваме некаде при крајот пролетта да има избори, да се изберат легални претставници. Тогаш да видиме дали тие навистина ќе знаат да направат демократски институции, да докажат дека тие се способни да се воспостават демократски институции, да докажат дека се спремни да ги исполнуваат сите други права, како што се човековите права и слично, па да им дадеме навистина шанса тие да ја преземаат одговорноста, затоа што стотици војници, што ќе бидат командувани од Белград, не се доволна гаранција дека оваа граница ќе биде сигурна.

Имаме ситуација на процес кога во Црна Гора секој ден се очекуваат нови избори и нов референдум за независност. Ние денеска донесуваме и ратификуваме договор со Југославија, за кој што сеуште не знаеме, и немаме политичка проценка. Тоа е причината зошто ние изразуваме сомневање на политичкиот момент кога овој Договор се ратификува.

Дали Македонија која чекаше 10 години, немаше време да чека уште неколку месеци, да дојде до тотален расплин на ситуацијата во Југославија и во Црна Гора и на Косово, а во мирна ситуација, во мирни околности да разговараме и да ратификуваме еден договор. Инаку, колку пати пратениците Албанци овде мораа да докажуваат за суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. Секој ден тие тоа го кажуваат. Дајте малку да ја процениме политичката ситуација, дали е моментот денеска ние да ја склучиме оваа работа. Затоа, се бараше одлагање на ратификацијата на овој договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници, имаме акт за усвојување кој по своето значење, историско значење и актуелно значење може да се вброи по мое мислење веднаш после нашиот Устав. Ова го кажувам за да бидеме многу сериозни заради тоа што границата спрема Грција, Албанија и Бугарија ние ја наследуваме таква каква е со референдумот и прогласувањето на независност, а со потпишувањето на овој договор административната граница ја извлекуваме, ја утврдуваме каде ќе се протега и ќе ја обележуваме и се претвора во меѓународна граница.

Сега кога редовно овде ги слушам работите малку сум замислен. Се поставува прашање територијалниот интегритет не го оспоруваме, меѓутоа многу е значаен, се вели, дали се оспорува легитимитетот на оној кој го потпишува итн., дали нашиот претседател имал легитимитет еве кога го потпишал немал, вчера му бил признат легитимитетот. Потоа дали г-динот Коштуница има легитимитет, а до падот на

г-динот Милошевиќ преговаравме со него, зарем тој имаше повеќе легитимитет. Потоа, заради тоа дали остварува власт таму сега во СР Југославија. СР Југославија тоа е територија по одлука на ОН 1244, тоа е Резолуција, Косово, територијата на Косово, границата на Косово е граница на СР Југославија. Така е по ставот и одлуките на ОН. Така стои таа работа. Ако некогаш биде инаку, тогаш секој ќе си наследи и утврдената граница и договорената граница со СР Југославија во континуитет ќе ја добие, како ние со независноста што си ја добивме границата со Грција, со Бугарија, со Албанија. Според тоа, за тоа дали некој врши власт, па дали е компетентен да владее, да преговара за граници јас ќе ви кажам примери. Постоеше после втората светска војна долго таканаречена слободна територија на Трст. Таму и цивилната и воената власт беше на западните сојузници, таму беше англиска војска и американска војска. Тие ја држеа и воената и цивилната власт. Преговорите за судбината на таа слободна територија на Трст кога беше поделена во две зони "А" и "Б", еден добар дел од Истра и еден добар дел и сам Трст итн. за судбината, за поместување на граница и за утврдување граница си ги водеше Владата на Италија иако немаше никаква контрола на таа територија, таа ги водеше. Исто така Австрија која беше под четворна окупација, четирите големи сили ја држеа Австрија со воена окупација. Границите со Југославија, преговорите тогашна Југославија ги водеше австриската Влада која немаше контрола на целата територија, не само на таа територија. Според тоа ирелевантно е сега во овој момент кој врши и имате ли контрола на територија. Умник е консултиран од нашата Влада заради тоа што во Приштина има документи, има карти, има поседовни листови, има која територија содржи атар на ова село, на она село итн. Во тој поглед е консултиран и се давани податоци од Умник и тоа е корисно што се давани. Правната, меѓународно правната состојба на границата е единствено компетентна да преговара Југославија. Предлогот сега и овде аргументите кои се изнесуваат всушност не се ништо друго туку да не заклучи договор за граница со Југославија, да си остане административна границата, бидејќи неможе да се преговара со Косово, нема легитимитет Косово за тоа. Косово нема меѓународен легитимитет и никој тоа нема да го прифати. Според тоа, тоа значи дека се залагаме да си останеме со административна, а не меѓудржавна граница со Косово. Тоа е суштината. И ако сакате и ако мислите дека е подобро за Македонија да остане во меѓународните државни граници на Југославија со административна граница спрема Југославија сега како што е статусот сега на тие граници, тогаш се разбира настанува еден голем проблем што ние навистина сакаме. Затоа, јас ви препорачувам на сите и ве молам сите да гласаме за овој закон за ратификација и да го прифатиме овој договор за да излеземе од оваа ситуација, да нема оспорување, а ако дојде до територијални промени во Југославија, ако дојде до нејзина натамошна дисолуција и ако дојде до промена на границите со Југославија, тие наследени граници кои сега ние ќе ги потпишеме со Југославија, тој кој ќе ни биде нас сосед, тој ќе ги наследи. Затоа нема потреба од премногу расправи за ова прашање.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, членови на Владата, дами и г-да пратеници, јас мислам да дадам еден предлог кој мислам дека ќе биде конструктивен и претседателот полека да ја приврши оваа расправа, бидејќи ние влегуваме во една замка можеби свесно, можеби не, конструирана од дел од пратениците од партијата ПДП кои во еден билатерален договор помеѓу две земји што значи две страни намерно, или не сакаат да внесат и некоја трета страна како рамноправна во договорот со тоа што Парламентот би влегол во една замка да промовира како нов јавен државен, мислам правен субјект, тоа е една територија која моментално по сите правни норми се наоѓа во склоп на друга држава. Беа кажани многу правни норми. Го ценам излагањето на г-динот министер и тука не гледам ништо спорно. Со овој Договор ние треба да го гледаме само наш аспект од македонската страна, бидејќи ние сме македонски Парламент. Прифаќам некој разговор за некои територии кои влегле, или не влегле во составот на Македонија, но само од македонски интерес.

Дел од пратениците на ПДП го направија овој Парламент мешовит Парламент на две држави и тоа морам да кажам дека ми пречи. Заради тоа што нема никаква правна пречка, гледаме некои аргументи кои не се баш прави аргументи. Предлагам да ја привршиме расправата и да гласаме, без разлика ако има некое друго мислење на ова прашање.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Почитуван претседателе, членови на Владата, до пред извесно време член на нашата партија беше директор на Геодетската управа на Македонија. Од таму

знам дека Геодетската управа на Македонија и соодветната Геодетска управа на Косово соработува цело време пред и додека траеја преговорите меѓу СРЈ и РМ, што значи дека луѓето на Косово соработувале со Комисијата. И сега не ми е јасно колегите пратеници од ПДП чии интереси бранат? Ако тие луѓе таму се сложиле да соработуваат, а ние овде цениме дека ова е историски чин а јас знам дека сите членови на Парламентот се граѓани на Македонија, мислам дека треба да ги штитиме интересите на Македонија.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, верувајте ми не сакав сега да се вклучам во оваа расправа заради тоа што ние го кажавме нашиот став како политичка партија и тоа преку координаторот и преку пратеникот Алити. Меѓутоа, во ова Собрание иако имаше добри намери и од страна на премиерот да се стави крај на ова, да се најде некој консензус, меѓутоа одредени пратеници тука се појавуваат како адвокати на српската администрација. Јас ова ќе ви го кажам, или пак се појавува пратеникот, или мојот колега Ненад Ристовски вели, дека овој Парламент пратениците од ПДП сакаат да го прават мешовит Парламент. Па каков Парламент сакате вие г-да пратеници. Дали сакате етнички чист Парламент, дали сакате Парламент без албанци? Само ова кореспондира со реалноста. Тоа што е на теренот се рефлектира во Собранието. Ние тука треба да ги расчистиме тие дилеми, ние не треба така национално да бидеме настроени. Или од друга страна од одреден пратеник кој до вчера беше и претседател на Собранието не оквалификува така црно дека ние сме рекле "Република Косово". Па, г-да пратеници ние сме сведоци тука дека до вчера тие ни ја наметнаа Република Тајван која не е призната од ОН. А Република Косово е нешто друго. ОН се во Косово. Таа е разликата.

Од друга страна ние бевме многу кратки и јасни дека ние не сме против територијалниот интегритет на РМ, немаме спор околу тие точки. И тука имаме допирни точки, меѓутоа нашата забелешка беше, е и ќе остане и понатаму, кој е тој правен субјект што треба ние да разговараме. На пример претседател на Собранието вели дека Косово го нема тој легитимитет. Дали г-дине претседателе Коштуница го има тој легитимитет со калашников во раце што убива албанци? Јас мислам кога треба да одиме до крај, ние некои работи треба да ги расчистиме до крај. Ве молам, дали Џинџиќ кој ги притискаше прв копчињата за напад на Сараево итн. Тука е веќе друга работа. Меѓутоа вие самите неколкумина пратеници во ова Собрание сакате да и дадете друга димензија на целата работа, а ние тоа нема да го прифатиме така лесно. Ние отидовме на тоа да го контестираме дека со Југославија, или пак со Србија треба да се разговара со делот каде се сретнуваме. Меѓутоа за делот на Косово мислам дека требаше не да бидат информирани како што рече министерот за надворешни работи, туку требаше да бидат консултирани. Залагањето на ПДП е од порано од 1990 година, не е од денеска дека ние се залагаме за независно Косово. И независно Косово никако не ја оштетува РМ, туку ја потпомогнува РМ, дека и Македонија и Косово се претенденти за ЕУ, НАТО, структурите итн. Овој наш став не е од денеска, овој наш став е од поодамна. Затоа ние и предупредувавме, дававме сугестии и од порано до Владата на РМ да ги има во предвид. Јас мислам дека кој бил во Косово, секој од нас кој бил во Косово кога ќе излезеш од нашата граница каде се вее Македонското знаме, а од другата страна во Јажинце или во Блаце провејува знамето на ОН. Тука не наоѓаш ни српски војник. А што мислите, дали некој од нас тука мисли дека српската војска пак ќе се врати во Косово после тоа насилство и покољ што го направи во Косово? Затоа ние, нашата намера беше, нашата цел беше добронамерна. Немојте да ме сфатите погрешно. Нашата цел беше ние како РМ да имаме добри односи со сите соседи кои не опкружуваат во овој регион, дека ние викаме дека сакаме да бидеме и претендираме да бидеме стабилна земја со добри односи внатре во Македонија, со добри односи со сите соседи кои не опкружуваат. Затоа ние треба да бидеме свесни дека треба да кореспондираме со реалноста. Сакале или несакале, еден ден Косово ќе ни биде сосед. Затоа треба да оставиме отворена врата, да имаме добри односи и со нив и со сите. Не велам дека треба да имаме лоши односи со Србија, не велам дека треба да имаме лоши односи со другите. Меѓутоа, препорачувам да имаме добри односи и со Косово.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Г-дине претседателе, мислам дека добро почнавме, а почнавме со тоа што претставниците на пратеничките групи ги изнесоа ставовите на пратеничките групи за тоа како ќе гласаат. Мислам дека натамошната дискусија може да не доведе

до некои непотребни, сосема непотребни заострувања и внесување на нервоза. Ние тоа не го сакаме и ние предлагаме до тоа воопшто да не дојдеме и што се однесува до нас, ние во тоа нема да придонесеме.

Второ, сакам да ви кажам дека, дајте да ги оставиме по страна сега, да не посегаме по правни, политички, незнам какви аргументи затоа што секој ги има своите, добри, лоши, тој ќе ги држи така. Да приврвшиме на најдобар можен начин ако е тоа можно.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, г-дине премиер, најдобрата реченица што денеска ја слушнав беше на г-динот премиер кога рече дека пратениците на ПДП не го спорат интегритетот на државата т.е. границата. И тука веќе само дополнувам дека ги отфрлуваме сите други инсинуации било каде да се искажуваат, затоа што ние од почеток тука донесовме и Декларација за тоа што значи осамостојување и интегритет на РМ. Меѓутоа, ние како пратеничка група, или како пратеници на ПДП малку сме загрижени како нашата Влада, како нашите колеги кога приоѓаат за некои круцијални прашања многу значајни за државата во овој случај и обележување на границата итн., не сакаат ниту да не почитуваат и не не почитуваат досега затоа што мислеа дека ние неможеме да допринесеме да се дојде на најдобар начин до еден консензус и да бидеме активни учесници во сето тоа што значи за државата РМ. Така што нашите сомневања останукаат во тоа дека во овој случај имам право да мислам, да кажам така, дека поголема била желбата на Белград да се одбележува границата со делот на Косово со РМ од тоа што РМ изразила желба, или интерес за тоа. Можеби има тука задоволени страни, тоа е Белград со држава создадена тогаш во Уставот на Жабљак која за нас како политичка партија сеуште тогаш и сеуште е таканаречена затоа што беше донесена во тој Устав и во време на режимот на Милошевиќ. И кога сме тука дајте да бидеме ние малку попрагматични во нашите размислувања кога се и гласни размислувања. А што е тоа прагматично размислување. Ние потпишавме, односно претседателот на државата потпиша Договор со сите тие церемонии итн. меѓутоа, дали ги почитувавме сигналите што ни доаѓаа од релевантни политички партии кои се легални во Косово? Дали го почитувавме сигналот на една релевантна, ако што е опозициона. Јас уште еднаш ви повторувам, многу релевантна и значајна политичка партија како што е ПДП. Затоа што и кој да се заложи да кажува разни инсинуации во овој случај и за ставот на пратеничката група на ПДП, ние тоа сме го докажале и тоа многу добро сме го докажале во димензија на националните права на албанците тука во Републиката каде е ПДП, многу добро сме кажале во димензијата на државноста на Републиката каде е ПДП со активно учество и активен придонес. Така што секакви други инсинуации што сакаат на еден начин да ни се залепат во овој случај, ама апсолутно ги отфрлуваме. И во овој случај ние понекогаш некои контакти, дури и последниот на премиерот со г-динот премиер Џинџиќ таму се некако одат работите како да се прави некој заговор без да учествуваат претставници на политички партии на албанците во РМ. И тогаш удираме паушално, такви се, вакви се, итн., а мислам дека дури и препотентно од страна на Владата се настапува за одредени прашања кои се чувствителни. Ние нема што да криеме г-да пратеници и наши колеги, ние се разликуваме со години со тоа што значи став во однос на независноста на Косово и се разликуваме. Никогаш не сме барале и ако сме барале можеби од време на време сме го почитувале и го почитуваме тоа во каква состојба можат да бидат, или колку можат за ова да се одлучат, односно да изградат став политичките партии, еве да речам условно од македонскиот блок. Но, едно е сигурно, тие ставови се разликуваат. Во однос на независноста на Косово ние не бараме друго, бараме барем да се однесувате само до тоа да го почитувате тоа што меѓународната заедница во наредниот период во тек преговори понатаму што ќе бидат и тоа да се почитува, а не да се дадат изјави, дури понекогаш се истрчува да се земе и лидерство во тоа кој, колку ќе направи по Владата на РМ и други субјекти за да неможе да успее независноста на Косово на никој начин. Мислам дека имаме и такви примери.

Јас би рекол дека и ние сме луѓе, политичари кои не сме во пелени и немојте да мислите дека сме политичари во пелени. Знаеме да размислуваме, знаеме што значи одговорност, тоа веќе со години го потврдуваме, но овој случај, во овој случај бевме маргинализирани. Овој став за нас значи со препотентно однесување на Владата во овој случај, мислам дека е неприфатлив.

И затоа, мислам дека не треба да одат работите до таму дека ако ставот за ова прашање на пратеничката група на ПДП не влегува во тој консензус на другите

политички партии и тука веќе, значи, се добива впечаток дека може да се кажуваат работи кои ги слушнавме и не сакаме овде да ги повторуваме од одредени колеги. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, само накратко сакам да направам, по мое, една исправка што мислам дека не треба да остане така како што беше формулирана, не навлегувајќи во ова за што ние расправаме, нашиот позитивен став го соопштивме на почетокот.

Беше истакнато од господинот Андов во дебатата, јас немаше да реагирам, меѓутоа мислам дека сепак од позицијата претседател на Собранието го соопшти ставот дека ова е историски момент затоа што од овој момент нашата граница кон СРЈ од административна преоѓа во меѓународна граница и после тоа го образложивте.

Би сакал да интервенирам, да упатам на мое различно толкување, сепак ќе се сложите со фактите, па дури со оглед дека тука премиерот и министерот за надворешни работи се, а мислам дека загатнавте едно многу интересно, а истовремено и крупно прашање за кое мислам дека не треба да остане така. Тука е и премиерот. Евентуално, мислам дека во расправата по овој закон треба да го чуеме владиното мислење. Инаку моето мислење е апсолутно спротивно од вашето и затоа би сакал тоа да го потенцирам како такво.

Длабоко сум убеден дека нашата граница на Север од државата не е административна од 17 ноември 1991 година кога прогласивме сувереност и самостојност и особено од приемот во Обединетите Нации. Јас не верувам дека Обединетите Нации не примиле како држава која нема свои граници и дека има административна граница кон некоја друга држава, а нема своја државна граница. Затоа што тогаш, навистина мислам дека доведуваме едно огромно прашање еден огромен комплекс на проблематика под прашање се до денешниот ден. Се доведуваме во позиција ако таа спогодба, евентуално ако некој не ја ратификува, дека ние остануваме со административна граница.

Уверен сум дека нашата граница, од овие два датуми што ги потенцирав како критични е државна граница и дека ние, како Парламент, не смееме и не можеме да ја третираме до овој момент како административна, особено затоа што и самиот претставник на Владата кажа дека ние ратификуваме Договор за протегање и опис, а не за утврдување на државната граница.

Така што би сакал вашата дискусија да ја толкувам како лапсус. А, ако тоа така не го третирате, би сакал во овој момент да добијам мислење од Владата, дали до потпишувањето на овој договор Владата навистина тоа го смета така. Јас, апсолутно не го сметам така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас морам да појаснам. Да се разбереме, овде имаше две варијанти. Една е Спогодбата што ни е дадена да ја ратификуваме. Инаку, се разбира дека е тоа наша државна граница. Ние не би можеле сега да се вклучуваме во оваа Спогодба.

Меѓутоа, ако ја земеме другата варијанта што е предложена овде, ние сега да можеме да преговараме со Србија за нашиот дел на границата со Србија, нашиот дел со границата со Косово да преговараме со Косово, тогаш веќе ние преговараме за административни граници. Тоа се сеуште административни граници меѓу Косово и Србија. Тоа е алтернативата што овде се нуди.

Затоа реков ние мораме ова да го заклучиме. Се разбира дека е ова наша државна граница и тоа од 17 ноември, само со ова ќе го направиме, ако ја фатиме варијантата, ќе ја направиме административна. Тоа е работата.

Има збор министерот за надворешни работи.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Се чувствувам обврзан да одговорам на ова прашање на пратеникот Поповски.

Имено, мораме да имаме предвид една финеса што е многу важна во овој случај, а тоа е за да една граница биде државна мора да има договор за нејзиното протегање и опис. Бидејќи нашата граница со Југославија немаше договор за протегање и опис, таа не беше државна граница во смисла во која меѓународното право ги дефинира државните граници. Значи, со ова ја комплетираме, значи не беше комплетно прашањето решено и со тоа станува и формално државна граница. Таа финеса е многу битна и Владата тоа го укажа.

А ова што го укажа претседателот на Собранието, беше во еден контекст на

илустрација што постигнуваме со ова денешно ратификување на договор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

(Говори од место без вклучен микрофон).

Каква е ако не е државна до сега и што ако не се ратификува Спогодбата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, само да ви упаднам, јас зборував за алтернативите што се овде предложени, службениот предлог и овој што се сугерира овде. Ништо друго.

**СРЃАН ЌЕРИМ:**

Дозволете господине Поповски. Уште еднаш повторувам. За да биде границата државна граница во смисла во која меѓународното право ги утврдува границите како државни, составен дел на тоа е и протегањето и описот. Затоа рековме како Влада и повторуваме со ова и де јуре и де факто границата станува државна со овој договор. Тоа е составен дел. Не навлегуваме, при тоа, на квалификации што било, како било итн. Не е поентата во тоа. Поентата е што со ова добиваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на ваквово излагање од страна на министерот за надворешни работи на Република Македонија. Меѓутоа, морам да изразам длабоко несогласување со тоа.

За нас, државната граница е наша државна граница од прогласувањето на независноста во 1991 година и ако е тоа така, јас отворено прашувам со кои граници Македонија е примена 1993 година во Обединетите Нации како држава, не како некаква територија. Мислам дека, се разбира дека ситуацијата од која што произлезе целиот контекст на настани по распадот на Југославија е таков каков што е. Меѓутоа, не смееме ние, нашата Влада, нашиот Парламент, господине премиер се обраќам и до вас да толкуваме дека нашата граница не е државна сеуште додека според членот од Спогодбата, број 11, а тоа значи дека оваа ратификација, оваа спогодба ќе влезе во сила триесеттиот ден одкако двете држави со ноти ќе се известат дека ги ратификувале, ја ратификувале Спогодбата. До тогаш не прифаќам и неможам да прифатам дека нашата граница е недржавна граница. Мислам дека реалноста мора да ја имаме предвид. Апсолутно ми е нејасно како Владата може да ја третира границата, после сите овие датуми за кои зборуваме на ваков начин? Иако се работи за формална проблематика. Суштински, таа е државна затоа што ние државниот суверенитет на Република Македонија со таа граница го спроведуваме од 1991 година и невозможно е да не биде државна. Меѓутоа, мислам дека е многу битно, мислам дека е многу битно Владата да излезе со став во ова Собрание дека тоа е така од 1991 година од наша страна гледано. Затоа што отвора чудна дилема за која немаме разлики.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, нема дилема. Нема дилема околу тоа ништо. Можеме да копаме дилеми, но нема дилеми.

Има збор господин Оломан Сулејмани.

(Пратеникот Лазар Китановски бара збор за реплика).

Не сте спомнати, не можете да добиете збор за реплика.

После ќе добиете збор, јавени сте како следен говорник.

Повелете господине Сулејмани.

(Пратеникот Лазар Китановски бара збор процедурално).

Му дадов веќе збор,

Господинот Сулејмани има збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер, очигледно дека јас не можам да кажам нешто ново од тоа што се кажа од пратеничката група на Партијата за демократски просперитет. Меѓутоа, гледам дека одредени пратеници од сите политички партии рекоа по некоја реченица. Меѓутоа, мислам дека и јас ќе го искористам моето право да дадам свој придонес во врска со точката што ни е ставена на дневен ред.

Би почнал со несогласувањата на министерот за надворешни работи и господинот Поповски, пратеникот Поповски, се извинувам, со кое недоразбирање уште еднаш потврдија она што пратеничката група на ПДП го изнесе на почетокот, дека не треба да се брза, особено не било практика на овој законодавен дом да носи односно да ратификува договори по брза постапка. И, токму поради ова би продолжил и понатаму со мојата дискусија со тоа што почна министерот во својата дискусија.

Господинот министер својата дискусија ја започна со распаѓањето на Југославија. Па, се прашувам јас, а особено би се прашала јавноста каков договор ратификуваме со еден субјект кој веќе не

постои. Според она што го изнесе самиот министер, со распаѓањето? Односно, би го запрашал јавно што значи распаѓање на Југославија?

Значи ли тоа дека таа Југославија не постои, па после да признаваме некој начин дека тој субјективитет на таа Југославија е во Обединетите Нации, што јас го тврдам истото? Меѓутоа, по која логика велиме ние, од Партијата за демократски просперитет, може да се ратификува еден договор кој е и за нас многу важен и мислам, повторно треба поради јавноста што не следи дека Партијата за демократски просперитет нема ништо против територијалниот интегритет на Република Македонија, па и на постојните граници со кои се граничиме односно со кои земји се граничиме.

Т.е. кај нас дилемата е во тоа што, зошто да се преговара со Србија за да после сето тоа се манипулира комплетната јавност дека тогаш имаме право да ратификуваме еден договор, бидејќи постои таа Југославија. А, во нашата дискусија, тоа го слушнавме и од други пратеници, дека таа Југославија веќе не постои, бидејќи и мои колеги рекоа, имаме нова состојба. И во Република Црна Гора каде не очекуваат доста промени и мислам дека и тој субјект многу брзо ќе се откачи од таа Србија.

Па затоа, мислам дека нашиот прав сосед, тоа се косоварите и затоа мислам дека требаше, ако не политичкиот субјект во Косово, зошто не се приклучи УНМИК, бидејќи со тој УНМИК и со тој политички, мислам дека и оваа Влада имаше средби и овде се изнесоа неколку факти.

Да завршам со реченицата што ја изнесе мојот колега господинот Насер Зибери, мојот координатор, не треба да се сфати дека пратеничката група, односно Партијата за демократски просперитет, односно да ми се инпутира дека сме против овој договор односно против територијалниот интегритет на Република Македонија. Меѓутоа, нашиот став, нашето мислење е зошто не се приклучил и УНМИК односно политичкиот субјект од Република Косово, бидејќи ете, на некои пратеници и тоа им штети, бидејќи зашто ние тој субјект го викаме Република Косово. Мислиме и реално тоа го велиме, не можеме да бидеме против волјата на косоварите кои самите се изјаснија и самите си ја викаат Република Косово. Зошто ние во тоа да имаме против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас сум навистина непријатно изненаден од толкувањето на господинот министер за надворешни работи после вашето објаснување дека се работи за погрешен впечаток што го остави вашата дискусија.

Според мене, државната граница постои од донесувањето на Уставот и особено таа се потврдува со Спогодбата помеѓу СР Југославија и Република Македонија од април 1996 година. Со таа Спогодба, практично се признава суверенитетот на Република Македонија, на институцијата Република Македонија со сопствена територија, тоа значи и врз границите што ги почитуваат двете страни. Зошто? Затоа што се применува нашиот Устав, нашите закони, имаме армиски сили од почетокот на тие точки, полициски сили, се плаќаат даноци. Според тоа, државната граница постои.

Спорот што ни беше наметнат настана околу одбележувањето на неколку точки, спорни точки, што немаа некакво посебно економско значење за Македонија, туку пред се имаа безбедносно значење. Се работеше за точки, според наше мислење, можат во една одредена ситуација да претставуваат загрозување на безбедноста на Република Македонија. И, тоа се почитуваше од двете страни. Се разбира, тогаш со посредство на УНПРЕДЕП и се избегнуваа конфликти на тие точки. Затоа ние инсистиравме во разговорите од почеток дека се водат разговори за одбележување на границата, а не за утврдување на границата, да се забележат тие точки или коти.

Впрочем, не случајно и сегашната Влада рече дека овде се работи за договор со кој се утврдува, практично протегањето и опис на државните граници. Тоа точно, е составен дел на еден договор. Меѓутоа, тоа е повеќе технички дел што ги утврдува точно точките што евентуално можат да настанат како спор меѓу определени држави. Имате вие ситуации и многу државни меѓусебно да се признаваат, меѓутоа околу некои точки имаат спорови. Тоа не значи дека не постојат меѓудржавни граници меѓу тие држави. Затоа реков дека бев изненаден што министерот за надворешни работи даде вакво толкување. Тоа, заради угледот на Република Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници, после вака искажаните аргументи и од страна на колегите, па и другите пратеници во Парламентот, прво контра, нормално, бидејќи на почетокот јас излегов со едно барање во име на пратеничката група на некој начин да се одложи оваа дебата со една добра намера токму поради тоа што ние, навистина и во тоа што досега го кажавме и откако сме формирани како партија, а мислам дека и сите политички партии што ги претставуваат албанците во Македонија од својот почеток се изјасниле за суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. Мислам дека со нашата дискусија и тоа што ние сакаме да кажеме дека не е во прашање таа определба, туку во прашање се други работи што произлегуваат од политичките убедувања, аспекти и начин на гледање на некои работи во врска и со оваа проблематика.

Очигледно е и не е тајна нашето различно мислење, всушност политичко размислување за состојбите на Косово. Значи, се знае што е нашата определба, ние го поддржуваме отворено барањето на албанците на Косово за самостојна држава. Тоа беше нашиот ангажман и перманентно ќе биде, нашата активност ќе ја насочиме кон таа насока. Тоа нема да го правиме ниту тајно, но ниту нелегално, туку тоа ќе го правиме со нашите политички средства до мерка која зависи од нас. Нормално, имаме право тоа да го искажуваме и тука.

Исто така, освен тоа што имаме различно мислење по оваа точка, понекогаш се сака да се покаже дека можеби е и таа точка и тој момент каде можеби ние се размислуваме по тоа како ние ја замислуваме демократијата, затоа што ако некој својата позиција или својата среќа ја бара тука или ја програмира врз тоа какво ќе биде Косово денес или утре, мислам дека не е на добар пат да си најде вистински начин за решавање на демократските односи во Република Македонија. Неможе благосостојбата и добрите односи во Република Македонија да зависат дали Косово ќе биде или нема да биде Република. Јас мислам дека често изнајдуваме некои такви изјави, каде што ние нашата среќа или нашата стабилност ја градиме или ја ословуваме со некакви други решенија. Јас мислам дека оваа Република, оваа држава ќе опстои поради внатрешната нејзина отпорност која се гради тука во овој Парламент и од решенијата што ќе ги даде таа група луѓе што ние ги викаме министри од мојата лева страна, а не од тоа како некаде и кој ќе биде тоа што сака. Затоа, ова е од политичкиот став за кој и моите колеги пред малку рекоа. Затоа предложив оваа работа не да ја оставиме засекогаш, туку засега да ја одложиме заради фактот што ние имаме практични проблеми кои се и сегашни, од овие денови. Кога ќе ја прочитаме спогодбата, јас неможам да најдам начин како ќе ги решиме овие проблеми. Со право колегата Хаџиреџа укажа на членот 9 каде што се предлага начин на решавање на меѓународните, на меѓуграничните контексти. Јас предложив во име на групата одлагање на моменталниот потпис на овој договор поради потребата од уклучување по овој договор, или на некој начин приклучување на релевантни фактори во регионот, кои би можеле да имаат влијание во таквите несакани состојби за нас. Јас мислам дека со ратификација на оваа спогодба немаме партнер со кого ќе го решаваме и овој проблем што сега е во Танушевци. Од таа гледна точка, јас мислам дека има место и за такво размислување затоа што проблемите се очигледни и тоа што го нуди овој договор не нуди решение овој проблем да се надмине како што е сега, а се надевам дека нема да има други такви.

Исто така, од дискусиите произлегува дека се сака да се наметне една логика дека ние всушност би требале да го прифатиме овој договор поради тоа што е историски и поради тоа што во некоја смисла и ние се отргнуваме сега од Југославија, па сега само нам тука ќе ни биде поубаво. Јас верувам дека ние сме се согласиле за живеење во Република Македонија и тука треба да ја градиме нашата сегашност и иднина, но неврзувајќи ја оваа работа со други моменти, затоа што ние сме дојдени - имаме лошо искуство од тоа, чисто нам тоа да ни се нуди, ајде да го изгласаме законот или уставот затоа што овој устав е за нас, подобро е да бидеме тука вака, значи е подобар од претходниот и подобро да бидеме сами тука отколку заедно со некого, ајде да ја направиме и оваа работа или оваа декларација затоа што е во корист на сите тука. Верувајте господа, јас го поздравувам чинот на потпишувањето на договорот и разграничување меѓу Македонија и Србија во делот што граничи со Србија, затоа што тоа очигледно ќе направи меѓа, меѓугранична црта, значи меѓународно призната меѓу македонскиот народ кој е од оваа страна и српскиот народ од другата

страна, што е и нормално. Но господа пратеници, вие мора да сфатите дека таа црта, таа граница во другиот дел што е меѓу Македонија и Косово, таа веќе ги дели луѓето, ги дели албанците, ги дели браќата меѓу себе и ние не сме против таква поделба, но неприсуството на таквите фактори, кои се инволвирани тука и од косовска страна, нема да биде во корист на долгорочната стабилност на Македонија. Тоа е суштината на тоа што ние мислиме дека треба да се укаже, затоа што и ние сакаме секогаш да имаме стабилни граници и да имаме мирни граници. Но ако во тие процеси не се инволвирани структури и фактори кои што се битни, а битни се, сите политички партии на Косово што се легални, мислам дека не би било во функција на долгорочна стабилност на регионот.

Исто така, зошто албанците или ние како пратеничка група реагираме така во овие прилики?

Господа пратеници, овие две недели во Скопје се организираат две манифестации. Го имаме пактот за стабилност и го имаме потпишувањето на договорот меѓу Југославија и Македонија. Во ниедна од овие две асоцијации не е вклучено Косово. Јас мислам дека и како меѓународна структура некаде беше присутно, но како албанци кои и те како се заинтересирани за Пактот за стабилност и како развојна компонента не беа вклучени. Тоа не е добар знак, што би било во духот на меѓусебната доверба во регионот. Мислам дека Македонија која што е таква каква што е и ние ќе се обидуваме да ја градиме и доградиме, мора да дава знаци за меѓусебна доверба и заедничко решавање на некои работи со сите соседи што ги има што се евидентно релевантни фактори. Од тој аспект, она што сакав да го кажам е фактот дека не е во прашање тоа што ние сакаме нешто да оспоруваме, туку прашање е да се остави простор, но сепак тоа не се прифати нормално, за инволвирање на сите битни релевантни фактори во таа работа, која ќе зависи од тие фактори утре дали ќе биде или нема да биде успешна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ова прашање што се отвори околу досегашниот карактер на границата директно засега и е врзано за самата содржина и требаше таа расправа да ја затворите, затоа што тоа прашање е затворено со самата спогодба за меѓусебно признавање и соработка, во кое што границата меѓу Република Македонија и СР Југославија е признаено и како меѓудржавна и како меѓународна граница. Затоа и станува збор за договор во кој што треба да се опише линијата по која се протега и да се обележи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, прво нека влезат сите пратеници во салата, бидејќи сега ќе гласаме. (По гласањето).

Значи Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 98 пратеници, од кои 89 пратеници гласале за, ниеден пратеник не гласал воздржано и 9 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и СР Југославија за протегање и опис на државната граница.

Да го поздравиме овој чин. (Аплауз).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесеттата седница во Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17.40 часот).